**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Десеттото продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 септември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 94-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубчо Георгиевски, Марија Којзеклиска, Весна Борозан, Каролина Ристова, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Муминовиќ, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Марјан Ѓорчев и Ѓирѓи Трендафилов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по 32-та точка - Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година.**

Застанавме на половина со претресот. Следниот за збор е пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, Извештајот за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година и во уводното излагање и сега е Извештај кој што ова Собрание по однос на оваа Комисија прв пат го разгледува и во секој случај заслужува внимание.

Морам да потенцирам дека ваквите извештаи секогаш треба со внимание да се разгледуваат иако ништо друго со една расправа да придонесеме кон борбата против корупцијата во Република Македонија и со она што значи извештај да ја согледаме вистинската состојба во Република Македонија, сега конкретно во 2004 година, колку таа корупција била застапена, какви се мерки биле превземени и колку на крајот на краиштата оваа Комисија одиграла улога во позитивна насока во правец на тоа што значи спречување на корупцијата и така натаму.

Не можеме да избегаме од вистината дека во Република Македонија постои корупција и дека за жал, бројката на пријавените односно поднесените пријави и како е постапено по тие пријави, од година во година расте, што очигледно, нешто може да се види и од самиот овој Извештај.

Јас како пратеник овој Извештај не го разгледував и не го читав само аналитички. Не ми беше намерата да дискутирам по однос на тоа за бројките кои се овдека спомнати во Извештајот, значи колку седници одржала оваа Комисија, колку предмети биле примени, колку е тоа во споредба со претходната година и што тоа значи.

Основната работа е преку овој Извештај се она што Комисијата се потрудила да ни го достави и преку објаснувањата по разни предмети што таа постапувала и ние како пратеници да согледаме, а и јавноста да се запознае каква е моменталната состојба во Република Македонија со корупцијата и што на тоа поле се прави, односно се превзема и од оваа Комисија, но и од институциите на државата, кои што се надлежни да постапуваат по едни вакви предмети.

Морам да констатирам, согласно Законот и Одлуката за формирање на оваа Комисија, Комисијата си ги исполни сите оние законски задачи кои што си ги имаше согласно Законот, ги превзеде сите мерки што и стоеа на располагање и од тој аспект не може да се критикува, ниту да се оспори нејзината работа, со што очигледно, дека од година во година, што најверојатно и Извештајот за 2005, тоа ќе го потврди, оваа Комисија успева со една ваква каква што е структура, со толкав број на вработени, со сите оние слабости, кои што на почетокот се наведени од статутарен карактер за оваа Комисија, успева на некој начин да се справи со одредени предмети, успева нешто да процесуира и да даде на јавноста сознание каква е состојбата во Република Македонија по однос на ова прашање.

Значи по однос на оние проблеми што се од статутарен карактер, ние мораме како пратеници во нашите заклучоци што овдека на крајот во оваа расправа треба да ги усвоиме од ова Собрание, мораме апсолутно да дадеме подршка во правец на она што и на почетокот на овој Извештај се зборува, а тоа е пред се, статутарно оваа Комисија да си го добие своето место, онака како што заслужува, за да биде поефикасна во борбата против корупцијата.

Кога за тоа зборувам, значи на прв план треба членовите на таа Комисија да го регулираат својот статус професионално, поточно да бидат вработени таму, а не да работат како сега, како дополнителна дејност, затоа што она што значи професионализација, што значи професионален карактер, не може да се поистовети со нешто кое е како дополнителна дејност и тоа мора да се нарпави во најбрзо време. Тоа мора да го нарпави пред се, извршната власт, да предложи измена на закон, а овдека ние како Собрание тоа да го регулираме.

Исто така, по однос на она што овдека се нагласува, тоа е потребата од формирање на секретаријат во оваа Комисија. Јас сметам дека тоа апсолутно, е оправдано. Едно стручно тело кое што ќе помага и кое во секој случај ќе даде придонес за работата на Комисијата, нешто кое што декларативно, можеби секој пратеник го спомнува, а тоа извршната власт најверојатно, го одобрува, но до ден денешен, таков конкретен показател и потез немаме и заради тоа, јас предочувам на почетокот на оваа дискусија,

заклучоците кои што ќе произлезат, а кои се задолжителни за извршната власт, еден од тие заклучоци да биде и оваа работа во смисла на формриање на секретарјат.

За просторното сместување, мислам дека еднаш кажав и сега ќе повторам дека е неминовно оваа Комисија да биде издвоена во посебни простории, за да може независно и самостојно да ја остварува сета оваа работа и да можат и граѓаните преку своите претставки и така натаму, слободно да доаѓаат и да се упатуваат до оваа Комисија, како би било поефикасно ова сработено. Тоа е што се однесува до статутарниот карактер, така почнува и Извештајот и тука не смееме да го прескокнеме амблок, само да го прочитаме и да го разгледаме.

Она што можеби е битно, не можеби, но сигурно е битно е тоа што што е се реализирано од страна на оваа Комисија во 2004 година. Овој Извештај можеби е нај опширен токму во делот на реализацијата и она што ние како должност, како пратеници го имаме, е токму преку оваа реализација да ја согледаме и работата на Комисијата, но и да ја согледаме состојбата со корупцијата во Република Македонија.

Се надевам сега почитуван претседателе, сега нема да ме прекинете, кога на минатата расправа во мојата дискусија ме прекинавте. Значи зборувам како пратеник, не како претставник или предлагач.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е мое за проценка. Вие само продолжите.

**Жарко Караџоски:** Значи, од сето она од... шест односно пет точки, во делот на реализирани активности, овдека во Извештајот што ни се објаснува и ни се кажува, можеме да заклучиме, едно, а тоа е, дека оваа Комисија во 2004 година имала работа. Ако тоа го погледнеме низ бројки, ако тоа го разгледаме колку пријави се поднесени, по колку е постапено, колку седници се одржале, значи, очигледна е една работа, тоа дека во 2004 година оваа Комисија постапила за дваипол пати повеќе отколку претходната година, што не мора амблок да се поврзе со тоа дека за дваипол пати пораснала корупцијата во Република Македонија, но факт е дека предмети има, факт е дека поплаки има, и факт е дека корупција постои. Тоа зборува за успешноста на Комисијата, но зборува и за тоа дека немаме намалување на делот што значи корупција, што значи дека ова зло и понатаму дејствува во Република Македонија и според мене мислам дека интензитетот е поголем од година во година. Најверојатно, тоа и Извештајот за 2005 година ќе го потврди. Тука е проблемот што сакав да го посочам, кој сега ќе го посочам и ние како пратеници преку едно можеби банално разгледување на овој Извештај треба да го дадеме придонесот како ова зло, кое се нарекува корупција да се намали, или дај Боже да исчезне, но во секој случај да се намали, да дојдеме до нешто поефикасно, поефикасни мерки во однос на заштита од ваквата појава.

Затоа почитуван претседателе кога власта во Република Македонија на 15 септември 2002 година се смени, една од главните тези, едно од главните ветувања на изборната коалиција тогашна, сегашната позиција, можеби не вети којзнае што, освен вработување на секој член на семејството, меѓутоа, едно од главните ветувања беше токму борбата против корупцијата и она што значи корупција, криминал и така натаму. Таа колиција и оваа власт ветуваше дека ако нешто во овој мандат од 4 години превземе и направи, тоа е токму да се спречи корупцијата, односно она зло за кое што претходно беше обвинувама претходната Влада и омавме дури изјава на претседател на Собрание, кој што беше пред вас, кој што кажа дека од денот кога ВМРО-ДПМНЕ ќе падне од власт, во Република Македонија нема да постои повеќе корупција и нема повеќе корупција. Значи таквите изјави не можат да одат во прилог, особено не кога доаѓаат високи функционери во државата, во никој случај не можат да одат во прилог на борба против корупцијата, напротив, таквите изјави ги охрабрува сите оние кои што до тогаш биле корумпирани, тој процес да продолжи, а да се јават и некои нови. Пиказател не е само овој Извештај. Ако добро се прочита Извештајо и се анализира, ќе видите дека корупцијата цвета во Република Македонија. Показател е тоа што Република Македонија во овој мандат, токму во 2004 година кога овој Извештај се пишуваше и обработуваше доживеа една Влада прв пат во историјата на Република Македонија да поднесе оставка, односно премиер на Влада да поднесе оставка, токму заради корумпирани елементи.

**Љупчо Јордановски:** Првата дигресија заврши, сега имате право на втората дигресија. Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Заради корумпирани елементи кои постојат во Владата. Претседателе, јас незнам зошто е дегресија, кога три постапки кои што беа покажани од оставката на Владата се предмет на корупцијата и предмет на оваа Комисија кои што се опиошани овдека во Извештајот. Јас незнам зошто е тоа дигресија. Едната е Пелинце, АСНОМ, другата е случајот со Министерството за транспорт и врски за кои што поединечно ќе зборувам за секој пооделно. Јас незнам зошто е за вас дигресија.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е дигресија затоа што одгворноста можеби е кај другите субјекти. Повикајте ги нив, имате начин процедурален, деловнички за да расправаме, зошто не е направено тоа што требало да се нарпави врз основа на овој Извештај. Инаку, дигресијата требаше да ја почнете многу поодамна, затоа што овој закон за борба против корупцијата е донесен, но од претходната Влада е одложен за шест месеци, а оваа Влада ја формира Комисијата за борба против корупцијата.

**Жарко Караџоски:** Јас воопшто не зборувам за одговорност, јас зборувам за фактичката состојба. Зборувам за нешто што се случува во Република Македонија и сигурно дека јас не сум надлежен да зборувам за одговорноста. За тоа друг е надлежен.

**Љупчо Јордановски:** Втората дигресија тече.

**Жарко Караџоски:** Значи, како главна забелешка и тоа почитуван претседателе, го имате и во Извештајот и не мора да ми пишувате дигресии, затоа што треба да го прочитате Извештајот, ќе видите дека тоа постои тука. Значи, самата Комисија констатира дека од сето она, од сето нејзино постапување, не може да биде задоволна во однос на она што значи борба против корупцијата, не може да биде задоволна особено од делот на односот на државните органи и сите институции кои се надлежни да го решат овој проблем. Значи тоа постои тука, тоа е кажано тука, а што некој ветил, што некој направил има време за една година, тоа ќе го видиме и на лице место.

Значи да одиме со ред. Државната комисија за спречување на корупцијата, кажав на почетокот одржала 56 седници во оваа година. На тие седници постапувала по се она што можела да постапи. Исто така во Извештајот се кажува дека самата Комисија многу пати учествувала во мислењето и предлозите за законските текстови, кои што мора да напоменам дека многу институции заборавиле дека согласно Законот оваа Комисија е надлежна да дава мислење и предлози и заради тоа и многу пати не била повикувана, но сепак, тоа некако се отстранило и во одредени постапки учествувала со свои мислења, колку од тие мислења извршната власт или законодавната прифатила, тоа е друго прашање. Она што исто така, е еден битен сегмент за работа на Државната комисија е и донесувањето од страна на оваа Комисија, државна програма за превенција и репресија на корупцијата, заради тоа што, не слушнав од некои од претходните дискутанти да спомне. Што е интересно? Интересно е тоа што на оваа конференција која била одржана во Охрид во јуни 2004 година, биле донесени одредени заклучоци, со кои што Владата била задолжена да направи одредени работи, покрај оние задолжувања што ги има во Комисијата, меѓутоа, и во самиот Извештај на Комисијата стои, но и фактичката состојба тоа го покажува. На полето на оваа државна програма, особено во делот на забелешките или заклучоците до Владата, не е ништо направено. Еве еден од тие заклучоци, кој што на таа Комисија биле утврдени и заклучени, а тоа е намалувањето на дискреционото право на носителите на власта, вклучително укинување на имунитетот на министрите. Зошто го спомнувам ова? Заради тоа што сакам иако претседателот ќе ми кажува за дигресија, ќе ми става дигресија, ова мора да го спомнам господине претседателе, затоа што ова е заклучок од конференција на кој начин треба да се дојде до намалување на корупцијата. Кога господинот Бучковски доаѓаше за премиер на оваа Влада, сите добро се сеќаваме, верувам и вие претседателе дека една од првите најави на оваа Влада беше дека со неговото водење на Владата, прво што ќе нарпави ќе биде ограничување на дискреционите рпава на министрите, па и укинување на имунитетот и така натака. За тоа толку имавме прилика да се изнаслушаме и буквално јавните медиуми да не информираат секој ден до каде е таа работа, до каде денеска ќе биде, утре ќе биде, ќе се донесе ваков закон и т.н., до денеска не е ништо превземено. 2004 година одамна заврши, овој Извештај сега го разгледуваме во септември 2005, а како е тргнато и 2005 ќе помине, можеби оваа Влада допрва може да се реконструира, но на полето на ограничувањето на дискреционите права, ама ништо не е превземено. Тука, како сакате сега да зборуваме за борба против корупцијата, кога нешто кое не само на конференција е како заклучок произлезено, туку и самиот премиер го ветуваше пред цела јавност и пред ова Собрание и до ден денеска тоа не е направено.

Што мислите? Што е проблемот? Проблемот е што Министерството за правда не знае како да го формулира!, или можеби не знаеме кое министерство е надлежно да направи закон за оваа работа. Или толку има работа Владата што не може да нарпави еден ваков закон да ги ограничи дискреционите права. Проблемот е почитувани колеги и господине претседателе во тоа што никој не сака да му се ограничат дискреционите права, затоа што треба да си даде од колачот од она што досега го имаше. Како тогаш ќе имаме случаи, како оние што ги спомнав, Пелинце, Министерството за транспорт и врски, да не ги редам сите оние, како ќе имаме кога ќе бидат ограничени дискреционите права. Од тука, јасно е дека не постои консензус ниту во Владата, сега кога зборувам конкретно за оваа работа. Не постои консензус, постојат надмудрувања и заради тоа до ден денеска го немаме решено тоа прашање.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски ова ви е втора дигресија, како што и сами погодивте, но вината не ја гледате во вас самиот, за ова што го кажавте претходно. Дајте предложете закон како ќе ја натераме Владата тоа да го нарпави. Или повикајте ја Владата да ни одговори. Немојте ве молам да ги користите аргументите за конференција имала закажано заклучоци, а Владата требала да ги спроведе. Ако сметаме сите дека Владата треба да ги спроведе дајте закон каде што ќе ја натераме Владата. Тука е и вашата грешка и мојата грешка. Тука е проблемот и кај нас. Ве молам да се држиме до темата. Јас разбирам дека е ова податлива тема и за политички говори, изборна година е, но ве молам до сега бевме коректни , да бидеме во рамките на она што е точка на дневен ред. Втора дигресија.

**Жарко Караџоски:** Добро претседателе да ве прашам вака. Како мислите јас да дискутирам по овој Извештај. Да земам да го прочитам?

**Љупчо Јордановски:** Јас ќе ви кажам како мислите.

**Жарко Караџоски:** Како?

**Љупчо Јордановски:** Сега бидејки констатиравте дека Владата не реализира некои заклучоци на Комисијата, во врска со дискреционите права, дајте ве молам да донесеме закон каде што стрикно ќе пишува, Комисијата ако донесе таков заклучок, Владата мора да го спроведе. Тоа во закон да го ставиме. Така можеме да помогнеме.

**Жарко Караџоски:** Тоа претседателе ќе го ставиме во заклучок по овој Извештај и врз основа на тој заклучок, Владата ќе ја задолжиме да донесе таков закон. Доколку тоа не го донесе имаме начин како. Меѓутоа, сега немам намера со вас да полимизирам каква постапка треба да правиме. Јас со вас полимизирам каде вие наоѓате дигресија од ова јас што го зборувам. Ако ви е намерата да ме истерате од говорница, јас ќе си заминам, кажете ми го тоа отворено. Ако ви е намера да не слушне јавноста што овдека пишува, исто така, ќе заминам и ќе си седнам.

**Љупчо Јордановски:** Го има на веп страница тоа и јавноста го знае и го читала.

**Жарко Караџоски:** Ако има веп страница, тогаш ни Собрание не треба да има пленарни седници. Се може да се чита на веп.

Јас не можам вас да ве разберам каде ги гледате дигресиите. Ако вака продолжите навистина не знам што треба да се прави?

**Љупчо Јордановски:** Па, како каде гледам дигресија, вие еден елемент или еден заклучок од овој Извештај користите како да е Владата на доверба. Јас тоа морам да го прекинам. Тоа не е целта на овој извештај. Целта е да кажеме дали Комисијата добро работи, дали треба да и помогнеме, дали има проблеми врз основа на тоа што тие донеле како искуство и како заклучок. Ве молам така да дискутираме конструктивно, ако треба да ја зајакнеме Комисијата.

Спомнавте за професионализам и рековте дека треба да се донесе закон. Има таков закон, донесовме, дека треба да биде професионална од следниот мандат. Еве, тоа е еден придонес за независноста. Во таа смисла, мислам дека врз основа на овие заклучоци или Извештајот треба да расправаме и да донесеме заклучоци. 15 септември, пред 15 септември, ветување, не ветување, затоа ќе се каже на наредните избори или да ја повикаме Владата на доверба зошто не ги реализирала сите забелешки од Комисијата што сама ја формирала, а ние сме ја изгласале.

**Жарко Караџоски:** Добро, едно ви е намерата да ја спречите расправата.

**Љупчо Јордановски:** Повеќе не ве прекинувам, повелета, имате право три саати да зборувате.

**Жарко Караџоски:** Да ви кажам дека ќе ги искористам сите три саати.

Значи, немав намера да читам, но очиглено претседателот сака да читам овде, но со оглед дека до сега никој ништо не расправал, еве ќе се потрудам и да читам.

Тоа е по однос на државната програма за превенција, претседателот има некој свој метод, убедлив е да ме прекине и да престанам да зборувам, заради тоа ќе преминам на другиот начин и ќе читам.

Можеби една од точките која предизвикува внимание во овој извештај е токму онаа соработка со домашни државни органи и институции. Сега ако земам да го читам ова и ако земам да го коментирам, ќе имам пет дегресии од страна на претседателот и навистина не знам како да го образложам. Заради тоа ќе морам да користам термини цитирам за да дигресиите не одат на моја адреса.

Цитирам од извештајот: Во извештајот стои: Сеуште не се реализирани средбите со Јавното обвинителство на Република Македонија и со Врховниот суд, кои според наша оценка се потребни пред се поради остварување на заедничката цел, а тоа е постигнување на поголема ефикасност во спречувањето на корупцијата и борбата против организираниот криминал. Сега треба да го преведам ова, значи сеуште цела година, а сведоци сме дека и 2005 година до средба помеѓу Јавното обвинителство и Врховниот суд со Антикорупциската комисија воопшто не дошло. Кажете ми сега (дофрлување од место).

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ ве молам имате право на реплика, продолжете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Колеги, јас ова го прочитав, не го измислив, а сега ќе го коментирам, тоа што го имате го читав, но бидејќи добивам дигресии пак ќе го читам. Сега ќе го коментирам, бидејќи не можам да коментирам заради дигресии, за да не излезам надвор од темата.

За мене е застрашувачки податокот доколку оваа држава сака да се бори против корупцијата, а до средба воопшто не е дојдено помеѓу овие надлежни институции. Да не заборавиме во претходниот дел од Извештајот се напоменува дека оваа Комисија оставарила средби со сите други освен со овие две институции. Овие две институции се токму најнадлежните по однос на ова прашање. Што ќе работи Комисијата само претставки, поплаки, пријави до Јавното обвинителство ако тоа не постапува. Кој е ефектот од сето ова? Тука директно ќе го поставам прашањето. Дали има ефект од постоење на оваа Комисија. Што, дека ќе разгледаме извештај, дека ќе слушнеме во јавноста дека некој го повредил законот за јавни набавки или ќе слушнеме дека Комисијата донела заклучок дека тоа и тоа лице против него треба да биде покрената кривична одговорност. Што од тоа ако Јавното обвинителство стои пасивно односно до ден денеска нема ништо

преземено. Значи, понатаму извештајот ќе морам да го цитирам.

Во оваа смисла Државната комисија повеќе пати укажува на односот со Јавното обвинителство кон поголемиот број на иницијативи за повекување на постапки, по кои едноставно не се постапува. Значи воопшто се нема постапено, тоа е едниот проблем.

Вториот проблем непостоењето на соработка помеѓу овие две институции. Јас незнам дали ова не е алармантна состојба. И покрај тоа што колегата Томиќ сакаше да ми обрне внимание дека имало извештај од Јавното обинителство, јас и тогаш дискутирав и господине Томиќ од тогаш до сега помина време и тој извештај сеуште не сме го гласале и кој знае како ќе го гласаме, но до денеска состојбата не е подобра. До денеска не е остварена ниту средба ниту Јавното обвинителство покренало нешто, освен што се повикува на одредени случаи на информативен разговор. Тука не можеме да бидеме глуви, барем јас не можам да бидам глув, јас ќе го дискутирам и ќе го кажам тоа нека слушне јавноста, нека се бара одговорноста, како што вели претседателот, ама има кој да ја бара, не Жарко Караџоски. Едно ќе кажам, ако сакаме, а не само декларативно да се однесуваме, против корупцијата да се бориме како и други држави односно да ја спречиме, намалиме, неминовно е помеѓу овие институции да постои барем минимална соработка, а камоли некоја поголема. Неминовно. Немаме никаква корист од надмудрувања кои имавме прилика да ги слушнеме дали Комисијата е надлежна или е надлежен јавниот обвинител. Дали доказите или иницијативите треба да ги цени јавниот обвинител или комисијата? Тука навлегуваме во нивната надлежност и повторно доаѓаме до прашањето што е работа на оваа комисија, тогаш зошто седат овие членови таму и зошто анализираат одредени предмети. Зошто воопшто постои оваа комисија. Ако јавниот обвинител согласно Законот, нека е така, има исклучиво право дали тој ќе оцени дека некој предмет треба да се оцени или не. Мислам дека тука треба да имаме разграничување кога станува збор за корупција. Ако некоја стручна екипа која се вика Комисија нашла некаква одговорност, утврдила во таа постапка, не може Јавното обвинителство да се прави глуво, ако ништо друго барем може да оствари средба, разговор, па заеднички да оценат дали треба да се покрене одговорност или не. Вака можеме само да заклучиме дека некој кочи. Вие сите добро знаете, почитувани колеги, дека во многу информации до јавноста се отвори еден проблем кој ја кочи борбата против корупцијата во Република Македонија. Дали тоа го прави оваа комисија, дали тоа го прави Јавното обвинителство, па имавме прилика да читаме дека Јавнот обвинител е тој кој кочи, дека е најголемиот кочничар и обратно, имавме ситуација на преписки по весниците, во средства за јавно информирање меѓу претходната претседателка на оваа комисија и Јавнот обвинител. Што сега ние како граѓани до каков заклучок ќе дојдеме? Ќе дојдеме до следниот заклучок. Или овие преписки односно нагодувања преку средствата за јавно информирање се прават намерно за да се избегне борбата против корупцијата и да се направи фиктивно некое незадоволство или некакво ривалство или навистина ни едното ни другото не дава резултати, како што нема.

Значи во недостиг на конкретни пријави во недостаток на конкретни процедури од страна на надлежните институции овде можеме само да си разговараме како што вели претседателот на Собранието, да кажеме што од овој извештај сработила, колку сработила Комисијата, а јас ќе кажам тоа што можела, тоа што и го дал законот таа го сработила, но од тоа немаме ефект, со тоа мора да се согласиме. Ефект нема, корупцијата и понатаму расте, луѓето на почетокот можеби се уплашија дека имаме антикорупциска комисија, но како оди време кога гледаме дека некои предмети воопшто не се процесуирани, стравот ќе го изгубиме. Тоа што граѓаните стекнале поголема доверба во Антикорупциската комисија со тоа што послободно одат, послободно поднесуваат пријави, тоа може да се види од бројката, тоа нема ништо да значи доколку не излезе конретна осуда по одредени предмети за да се стави крај. Инаку, еве го, јас не го измислувам, морам да цитирам, можеби некој го нема ни прочитано, еве го заклучокот кој самата Комисија го дала. Комисијата не може да биде задоволна од казнената политика на судовите при решавањето на поднесените пријави. Донесените пресуди се исклучително парични и тоа во мал износ, а прекршочните опомени немаат третман на санкции. Со ваквата казнена политика се девалвира казнената одредба предвидена во Законот за спречување на корупцијата и се потценува обврската за поднесување на анкетните листи. Сега, дали со една ваква политика ние се бориме против корупција или ја штитиме корупцијата. Ако не продискутираме отворено, јас незнам со кој метод и начин треба да се бориме.

Во делот на постапки по пријавените предмети и работата по нив јас нешто кажав, оваа година има незначителен пораст, вкупно имало 627 претставки за разлика од минатата година каде имало 603 и тој број е можеби незначително зголемен, но сепак е зголемен, а Комисијата постапила по 325 предмети што за разлика од претходните 129 е значително зголемена работата на оваа Комисија.

Во овој дел, морам да потенцирам, имаме еден приказ како се постапило по разни пријави и имаме постапки за неправилнсоти во делот на постапките за приватизација, па за работата на државните органи, па претставки во врска со работата на јавните претпријатија, здравството, образованието, значи во секој сегмент од оваа држава.

Интересно е во овој извештај покрај оние бројки кои се кажуваат колку има пријави, колку се

постапило, извадени се неколку конкретни случаеви како показател на она што значи постапување по одреден предмет и сега сите ќе се запрашаме зошто Комисијата издвоила одреден предмети во рамките на овие постапки за кои кажав, која била целта, зошто не ги набројала сите. Тука е очигледно она што претходно го зборував односно со јавното обвинителство и слично, овие случаи кои се издвоени се со цел Комисијата да ни укаже дека се толку очигледни што на секој граѓанин во Република Македонија му е јасно дека тука постои злоупотреба на службена положба, или постои злоупотреба на Законот за јавни набавки тоа на сите им е јасно, да не ги набројувам, но неколку ќе спомнам. Тоа се случајот со ЦЕМТ дозволите, случајот со Меморијалниот центар АСНОМ во Пелинце, случајот со емисијата Чуму гласањето и тн, локалитетот Градиште, Гасоводот, Министерството за транспорт и врски сите оние работи кои овде се наброени, случаите со денационализацијата, предметите каде има очигледно кочење, Студентскиот дом "Никола Карев" со позната дератизација, имавме прилика и на прес конференција да го кажуваме кога голем дел од пратениците не веруваа, а испадна дека е така како што велевме како опозиција, случајот со набавката во Кардиолошкиот институт по однос на стентовите каде после една година Министерството за финансии преку своја постапка утврдило дека постои одговорност и нарушување на Законот за јавни набавки и тн. и тн.

Која била целта што оваа Комисија ни ги посочила овие примери? Да ни укаже дека очигледни предмети не се процесуирани. Да ни укаже дека заради тоа што не постои сооднос со Јавното обвинителство овие предмети не се процесуирани и така немаме борба против корупцијата. Така можеме само да ги охрабриме другите да постапуваат и секој ќе каже кога вакви очигледни предмети не се процесуирани и не се решени кој не запира да правиме корупција и понатаму. Затоа наредната 2006 година кога ќе дојде извештајот за 2005 година ќе имаме слични, а до изборите што уште нема да се направи, бидејќи идат избори.

Еве, уште еден интересен случај кога станува збор за корупција во политиката. Заклучок на оваа Комисија, а ова го потенцирам затоа што не само оваа комисија, туку и Народниот правобранител, оној извештај што имавме прилика да го читаме, го спомнува истото, она што сега овде го спомнува Антикорупциската комисија. Корупција во политиката е кога станува збор за вработување, влијанието што го прави политиката по однос на престанокот и засновањето на работниот однос. Впечаток е цитирам од извештајот, на Државната комисија, добиените претставки од граѓаните се во тоа дека повредите на овие одредби се честа појава во сите сфери на државната администрација, јавните служби, така што се издигна на ниво на непишано правило.

Понатаму има објаснување што оваа Комисија можела да стори во спречување на една ваква појава и тука немаме голем успех. Немаме затоа што друг кој е надлежен да интервенира и процесуира работи, тоа не го прави. До ден денеска ова продолжува. Повторно ќе се навратиме на она што на почетокот го кажав дали треба вака да се бориме со корупцијата или треба нешто посериозно да направиме. Дали треба на оваа комисија да и дадема поголеми овластувања или да им ги одземиме и овие што ги има или треба да почитуваме и да се повикуваме на она што го вели Јавниот обвинител дека таа Комисија нема право да се меша во работата на Јавното обвинителство и на тој начин да продолжи онаа преписка, а сето друго да стои во мирување.

Како претседател на Комисијата за финансирање и буџет предложив заклучоци за Комисијата кои заклучоци не беа ништо освен она што овде ни беше предложено од страна на извештајот, односно од страна на оваа Комисијата за борба против корупција да влезат како заклучоци она што и тие го заклучуваат. Тука се најдовме на итересна релација никој од пратениците особено од позицијата не сакаше да ги поддржи тие заклучоци. Така извештајот на Комисијата за финансирање и буџет помина без ниту еден заклучок. Вака, ако сакаме да прозбориме отворено, тогаш имаме дигресија, ако сакаме да ставиме некаков заклучок кој не го измислил никој од пратениците, туку тоа ни го предочила самата комисија, тогаш тоа не го гласаме и повторно се отвора прашањето зошто сите бегаме од таа работа. Еднаш да бидеме отворени и да кажеме бегаме заради тоа што се плашиме или немаме доволно храброст. Срека околност е што Комисијата за политички систем заседаваше, па барем некакви заклучоци успеала да помине од кои барем едниот заслужува внимание иако мислам дека требаше многу повеќе заклучоци да влезат заради тоа што навистина е потребно со заклучок да се излезе со некаква одлука од Собранието и на оваа Комисија да и се даде простор да работи.

Од сите овие работи кои ги искажав, овој Извештај е навистина квалитетно изработен, доставен до нас како пратеници, заслужува внимамние и во секој случај ќе биде изгласан.

По однос на заклучоците со оглед на тоа што Комисијата за финансирање и буџет нема никаков заклучок не ни останува друго освен да ги прифатиме оние од Комисијата за политички систем, но јас како пратеник би предложил, доколку колегите тоа го сакаат, по завршувањето на оваа општа расправа да направиме пауза и да поднесеме дополнителни заклучоци онакви какви овде ни се предложени во самиот извештај на оваа Комисија за да покажеме како Собрание дека навистина сакаме да се бориме против корупцијата во Република Македонија со тоа што ќе дадеме повеќе простор на Комисијата она што го заслужува согласно законот. Тоа треба да го

направиме. Не треба да бегаме од ништо. Тоа е едната работа.

Следствено на сето она друго како Собрание мора да излеземе со заклучок со кој јасно ќе потенцираме дека Комисијата за спречување на корупција на Република Македонија мора да има што поголема соработка и некого да задолжиме оној што не сака да има соработка со оваа Комисија да мора да соработува, ако треба да го издигнеме на ниво на закон. Инаку се друго ќе биде само слово на хартија или ветување од говорница и така не можеме да ја спречиме корупцијата. Ако сме за спречување на корупцијата тоа треба да го направиме да личи на нешто односно да направиме преку формални и процесни правила кои постојат овде во Собранието.

Инаку, можеме само да се чукаме по гради или да се фалиме за време на избори кој колку е корумпиран, кој е повеќе корумпиран, кој е помалку корумпиран, која влада и која власт била покорумпирана, која помалку корумпирана и од сето тоа има малку фајде. Мало фајде е за граѓаните, затоа што сите добро знаеме дека корупцијата во Република Македонија цути и дека на ова поле ама баш ништо не е преземено. Ваквиот индолентен однос не води никаде, освен кон зголемување на ова зло.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Господине Томиќ се пријавивте за реплика и повелете имате три минути.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседтеле, колегата Караџоски дури при крајот на своето излагање започна навистина да изнесува дел од аргументацијата која верувам ја поседува, меѓутоа, јас не знам дали тој беше во салата кога јас на минатата седница, во средата дискутирав и кога кажав дека најпроблематичен дел на извештајот е онаа констатација дека не постоела соработка со Јавното обвинителство. Е, пак, колега Караџоски ќе го задржам моето право на збор, но во репликата ќе ви кажам дека таа соработка е континуирана, дека таа соработка постои и дека наводите во извештајот на Комисијата, апсолутно не се точни. Јас минатиот пат кажав само дел, а денес на вашата реплика исто така ќе се задржам на дел, а главното ќе го кажам во зборот. Меѓутоа, бидејќи вие спомнавте одделен број на случаеви, доволно е само да ви кажам дека, на пример, Државната комисија за спречување на корупцијата, тоа е крунскиот доказ како тезата кои тие ја пласираат во извештајот не е точна, се обраќа на 2.12.2004 година и помеѓу останатото добива допис на 14.01.2005 година токму за единаесетте случаи кои Државната комисија за спречување на корупцијата ги бара. Па, ако ве интересира некои од тие случаеви можам поконкретно да ви кажам, еве на пример, го спомнавте, бидејќи е реплика, наводно иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата број 12 552/6 од 25.09.2003 година, а тоа е договорот за купопродажба на акции за концесија склучен меѓу Владата на Република Македонија и АД Хелник Петролеум. Само да ви кажам дека таму многу убаво пишува кои дејствија се преземени, до каде е таа постапка и тн. и она што е најинтересно пред Комисијата за спречување на корупцијата да покрене ваква иницијатива од страна на Обвинителството, постапката траела веќе една година.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика господине Караџоски, повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине Томиќ, јас знам дека и вие сте адвокат, како што сум и јас. Меѓутоа, очигледно немате потреба да бидете адвокат на Јавното обвинителство. Јас не знам и не сум инспектор, ниту сум лице кое сега ќе оди во Јавното обвинителство и ќе проверува каде тоа постапило или не. Јас го разгледував извештајот кој што ни е доставен, а во него пишува она што јас го кажав. Значи, или вие лажете, или лаже Антикорупциската комисија. Немам потреба да изигравам инспектор и да утврдувам факти. Пред се, јас не сум суд. Меѓутоа, некој овде очигледно нас не лаже. Јас не сакам да верувам дека е тоа Антикорупциската комисија кога во извештајот напишала дека не постои соработка.

**Љупчо Јордановски:** Нема процедурално, само јас ќе дополнам кога ќе го добиеме извештајот на јавниот обвинител кој што ќе биде спротивен од овој. Се надевам дека господинот Караџоски ќе им верува на нив тогаш. Нема процедурално, освен тоа што јас ќе го предупредам господинот Караџоски зборовите од типот лаже и слични на него такви зборови да не користи. Кога ќе го дискутира исто така толку силно ќе им верувам господинот Караџоски на тие аргументи, ако се во колизија, како што им верува на аргументите на Комисијата за борба против корупцијата, за да биде принципиелен.

Има збор господинот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, покрај долгите дискусии до сега по извештајот на Државната комисија за спречување на корупцијата, би сакал и јас да се произнесам накратко и да дадам свои видувања. Добро е што во целина Парламентот, без разлика од пратениците кој каде припаѓа партиски го поддржуваат извештајот, ја поддржуваат работата на Државната комисија, па дури и ги поддржуваат дадените заклучоци од Комисијата, укажувањата на слабостите во нивното работење и во целина во работењето во државата на другите институции по однос на спречување на корупцијата. Неспорен факт е дека тежок проблем е корупцијата во Република Македонија, иако не е дефинирана од нас до кој степен е, колкава е и што е. Тоа нешто е оставено на оваа Државна комисија, но за жал таквата констатација е и од надвор од Република Македонија, од меѓународните институции, од

европските институции дека Република Македонија е во голем дел корумпирана држава. Што е тоа? Значи, корупцијата е поттикнувач на криминалот, неспроведување на законите од страна на државни институции, државни функционери кои што прават пропусти во своето работење се од некој личен, колективен или друг интерес, интерес за друг.

Јас сум горд на оваа Комисија што при нивното формирање се сомневав дали и ќе можат да почнат да работат. Добро е што почнаа да работат и укажуваат на одредени проблеми токму на нивната работа во однос на работата на други органи и институции, што почесто пати се спомнуваше Јавното обвинителство. Дали е така или не, ќе ни треба една поинаква анализа барем кооперативна како од обвинителството, така и од Државната комисија и да дојдеме до една чистина што е тоа. Не би сакал да се впуштам во тоа што е наведено во извештајот. Јасно, квалитетно и добро е обработено и сите го прифативме, мислам сите пратеници што до сега дискутираа, а јас би сакал во некоку црти, многу накратко, за да не одземам време, да укажам по однос на предложените заклучоци кои што ги има предложено Комисијата во самиот извештај. Заклучоците од телата, од Комисијата за политички односи и Комисијата за финансии, па е потребно тоа што предлагаше и господинот Караџоски, веројатно една кратка пауза да се подготват квалитетни заклучоци, со цел да си помогнеме самите на себе, да помогнеме на Република Македонија постепено да се ослободуваме од тоа зло кое што не овозможува напредок на државата, а исто така ќе го тргнеме сомневањето на развиените држави и влегувањето во Европа дека Република Македонија сериозно се бори со корупцијата. Покрај таквото нешто, јас би предложил и еден апел, барем овде е претседателот на оваа Државна комисија, доколку заклучоците на Собранието не бидат спроведени од страна на Владата, јас би ги замолил оваа Комисија да поднесе уште еден поднесок барем до Собрание, до пратениците, каде што ќе има одредени парламентарни групи заинтересирани во дел кој нивни поднесок ќе се однесува на измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата. Интервенции дали се потребни од нивното согледување, бидејќи тие имаат судир во нивното работење, во нивните овластувања кои што и засега ги имаат, дали тоа треба во Законот за кривична постапка или некои други закони. Кога тоа би го поднеле јас верувам дека таквото укажување ќе најде интерес кај одредени парламентарни групи и пратеници кои што ќе поднесат, до колку тоа не го направи Владата, измени и дополнувања на овие закони што ги наведов или и други за кои што ќе сметаат членовите на Комисијата, што е очигледно преку тоа што го кажуваат во извештајот имаат проблеми во извршувањето на својата работа, која што работа и тоа како е тешка. Секој може да смета дека е едноставно, но многу потешка е и од обвинителската работа, па дури и потешка и од работата на органите за откривање, бидејќи овде се работи со лица кои прават повреди на своите работни места, а тие лица имаат малку повисоки функции, повисоки места. Храбро е Комисијата тоа што го направила до сега, уште поголема одговорност ќе биде на Парламентот ако и овозможиме услови, не само на оваа Комисија или овие членови, туку и во иднина било кој да дојде да има реални основи тие да се борат со тоа човечко зло, државно зло кое што не овозможува државата да оди слободно напред, туку одредени лица го спречуваат тоа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Манев. Мислам дека дадовте пример како треба да се расправа по оваа информација.

Господине Апостоловски, повелете.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван претставник на Комисијата.

Навистина, денес се почна со долги дискусии и завчерашниот ден имавме доста дискусии, па затоа мојата дискусија ќе биде доста кратка.

На почетокот сакам да го искажам моето задоволство како од понудениот текст и содтржина, така и од формата на предложениот годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година. Посебно ме радува што од извештајот може слободно да се констатира дека Државната комисија е самостојна, независна од секакви видови на притисоци во вршењето на своите законски надлежности, а со ицмените што ги извршивме во законот од минатата година, со која Комисијата стекна статус на правно лице, се придонесува во секој поглед да се зголеми ефикасноста и ефективноста во реализацијата и исполнувањето на своите законски обврски и надлежности. Во интерес на времето ќе се задржам на неколку работи, за кои сметам дека се за одбележување.

Прво, согласно Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија имаше обврска да ја донесе државната програма за превенција и репресија на корупцијата, која обврска Комисијата успешно ја реализира во 2003 година, а во која се дадени препораки за неопходните мерки и активности кои треба да бидат презмени и успешно реализирани, а се со крајна цел да се воспостави еден функционален систем за превенција и репресија на корупцијата. Имајќи го предвид значењето на овој документ за кој би требало да се постигне согласност помеѓу сите структури во општеството и политичкото живеење, потребата од мултидисциплинарност во пристапот во борбата против корупцијата, како и потребата да се обезбеди имплементација на сеопфатни и ефикасни мерки за превенција и репресија на корупцијата. А, од државната прогарама произлегуваат и обврските на Собранието на Република Македонија согласно

точката 9 од државната програма за превенција и репресија на корупцијата, во кја се наведени законите кои треба да бидат донесени или изменети, а чиј број не е воопшто мал. Станува збор за 44 закони. По мое лично убедување на оваа листа за изменување и донесување на закони, треба да бидат вклучени и измени на Законот за спречување на корупцијата и тоа во одредени делови кои во изминатиот период се покажаа како нефункционални и недефинирани до крај. Со ова ќе се придонесе да се постигнат вистински реални ефекти во бобата против корупцијата, а јавно изразената генерална определба на сите субјекти во државата за создавање на систем на владеење на правото, нема да остане само во декларативната политичка сфера.

Второ што сакам да потенцирам, во извештајот се вели дека Државната комисија покренала голем број на иницијативи до надлежните државни органи кои се однесуваат на делот на репресијата кон сторителите на коруптивните активности.

Имам едно лично прашање до претставникот на Државната комисија. Дали Комисијата има разгледувано случаи кои со својата сериозност успеаа да свртат и да задржав внимание на јавноста во Република Македонија, како што беше случајот со ОКТА, доделувањето на становите во функционерската зграда, па Народна банка, Радо банка, Експорт Импорт банка и тн. На крај сакам да прашам дали Комисијата има преземено дејствија према надлежностите во општините. Со сигурност можам да тврдам дека многу инфраструктурни објекти за кои државата има доделно средства и и средствата се потрошени, објектите не постојат. Ги нема мостовите, ги нема асвалтираните патишта, ги нема во уредувањето на водотеците, а парите навистина се потрошени.

Трета работа како еден вид на превентивна мерка во спречување на корупцијата, сакам да прашам дали има намера Комисијата да изгради и да спроведе една стратегија низ која граѓаните, невладините организации, независните експерти и сите други заинтересирани субјекти ќе бидат поблиску запознати со активностите и надлежностите на Државната комисија. Оваа стратегија сметам дека во себе би требало да опфати една широка медиумска презентација како во електронските, така и во печатените медиуми, која би се состоела од рекламни пораки и спотови, печатење и дистрибуирање на информативен материјал за работата на Комисијата, што би требало на крај да резултира во транспарентност во работата на Комисијата и во поттикнвување на граѓанскиот и цивилниот сектор како активни чинители да се вклучат во самата борба против корупцијата и на тој начин, придонесувајќи кон зголемување на севкупната ефикасност на Државната комисија во спречување и совладување на корупцијата на Република Македонија и тоа низ една долготрајна временска перспектива. Ова го предлагам од причини за да може целосно да се реализира една од целите на државната програма за превенција и репресија на корупцијата, а тоа е претворањето на корупцијата од нискоризична а високопрофитабилна во високоризична и непрофитабилна дејност.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски.

Има збор пратеникот Мешков Љупчо.

Повелете господиен Мешков.

**Љупчо Мешков:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван претседателе на Комисијата, ние вака подоцна што се јавуваме за збор, обично сме пократки заради тоа што пред нас имаше доста дискутанти, па некои работи беа кажани, но со оглед на значајноста на темата за која што разговараме не е лошо да се повториме во некој дел. Затоа што, колку повеќе ги апострофираме одредени делови во извештајот како проблеми во функционирањето и работата на Комисијата, толку подобро уочливи се слабостите за кои ова Собрание како највисок законодавен дом треба да помогне, како што и Комисијата на крајот вели, со наши сугестии и заклучоци што може да помогнеме во надминувањето на таквите состојби и проблеми кои ги има Комисијата. Се разбира дека можеби ако не најзнаајна, но една од позначајните теми е спречувањето на корупцијата како една многу важна домашна задача за нас како држава од чие што успешно извршување многу зависи и евроинтеграцијата на Република Македонија, за што впрочем и тие надлежни евроинституции укажуваа многу пати дека државата ако сака да смета на евроинтеграциите, меѓу најважните задачи што треба да ги исполни, тоа е да постигне успех на полето во борбата против корупцијата. Токму поради тоа големи беа и сеуште се очекувањата од функционирањето на оваа Комисија како една од поважните орудија пропишани со Законот за спречување на корупцијата од 2002 година, измените од 2004 година, со што оваа Комисија требаше да биде главниот фактор за успешната имплементација на донесените закони во оваа област.

Меѓутоа, ако сега погледаме каква е праксата доаѓаме до заклучок дека Законот се применува и измените на Законот, Комисијата напорно работи, меѓутоа корупцијата можеби никогаш не била поголема од колку што е сега што укажува дека нешто не функционира, нешто не е во ред дали во делот на нормативата, дали во функционирањето на системот во одредени негови сегменти или можеби заради тоа што сме направиле норматива како нешто ќе правиме, нешто ќе работиме, а суштински ништо посебно да не се случи во оваа област, што не би сакал да верувам дека токму тоа би било причината и за ваквата поставеност на Комисијата.

Овој извештај кој сега го гледаме токму тој треба да даде одговор на прашањето зошто е тоа така, зошто успесите не се поголеми отколку што беа

очекуваните за да може ова Сообрание со мерки и заклучоци да влијае на подобрување на состојбите во оваа област. Но колку сериозен пристап му се дава на ова прашање според мене зборува и фактот што овој извештај кој се однесува на проблемите и согледаните состојби во 2004 година го разгледуваме во септември 2005 година кога верувам дека наголемо се вршат подготовки за извештајот за 2005 година, што можеби и не е некој голем проблем, меѓутоа на проблемите истакнати во извешајот ги правиме на извесен начин бајати и застарени иако никогаш не е доцна да се преземат некои мерки за надминување и подобрување на состојбите во оваа област.

Ако се погледа насловот на оваа Комисија, Комисија за спречување на корупцијата се добива впечаток дека оваа Комисија е толку моќна, силна што е таа главниот фактор кој ќе ја спречи корупцијата во Република Македонија, меѓутоа ако аналитички и нормативно се согледаат работите и му се пријде на овој проблем и се дојде до заклучок дека оваа комисија открива сигнализира, соработува, дава мислење, иницира, но неможе да направи нешто суштинско во спроведувањето односно да постигне резултати ако не во спречувањето тогаш барем во намалувањето на корупцијата во Република Македонија.

Јас сум сигурен дека тоа не е така заради тоа што членовите на Комисијата не си ја вршат својата функција и работа туку мислам дека е тоа заради тоа што законодавецот односно законодавниот дом, ние сме и дале од нормативен аспект такви јаки и силни овластувања и надлежности кои би ја направиле рестабилен фактор во спречувањето и намалувањето на корупцијата.

Дека е тоа така лесно можеме да се увериме и од законските одредби во Законот, член 49 и 52 во кои што воглавно се зборува дека донесува програми, дава свое мислење, покренува иницијативи итн. но некое силно орудие и можност во делот на другите органи каде што ќе се постави Комисијата на едно повисоко ниво, такви овластувања нема што е можеби и причина зошто во делот на соработката со другите надлежни органи нема некој поголем успех, како што и самата Комисија во извештајот констатира.

Значи, одтука јасно се гледа успехот во однос на работата на Комисијата кој ние треба да го согледаме сега преку овој извештај не зависи пред се од нејзиното работење, туку од волјата на другите органи надлежни за спроведување на постапката. Се разбира дека ефектот од ваквите состојби не е само во оценката за успех во работењето на оваа Комисија, но во многу случаи нерасчистувањето на работите до крај, незавршувањето на работите до крај, неутврдувањето можеби до крај на фактичката состојба често пати негативно се одразува и на одредени личности и поединци кои што во услови на не до крај расчистени фактички состојби за вршење на одредени постапки ќе се најдат некогаш на ударните вести или во печатените медиуми.

Разгледувањето на овој извештај мене многу ме потсетува на извештајот за народниот правобранител, затоа што и таму и овде можеме да констатираме дека многу се трудевме, многу работевме, многу правиме но резултатите не се онакви какви што очекувавме да бидат, затоа што надлежните органи кои се должни не соработуваат на потребното ниво со Комисијата како што е наведено и во самиот извештај.

Успешноста на делувањето на оваа Комисија не смее исклучиво да зависи од тоа колку други органи се расположени да соработуваат, туку треба да зависи и од овластувањата што оваа Комисија треба да ги има многу поголеми отколку што се сега.

Колку е сериозен пристапот кон ова прашање се гледа и од фактот што оваа Комисија со измените требаше да се професионализира а таа сеуште не е професионализирана. Мислам дека сеуште и стручните работи ги врши Министерството или Секретаријатот и тоа исто така фрла една слика дека не најсериозен пристап имаме околу овие работи, а да не зборувам за техничките прашања, просторните услови итн. итн.

Мислам дека Комисијата за спречување на корупцијата доколку сакаме да покаже резултати кои за нас се особено битни особено во оваа област во борбата против корупцијата треба на Комисијата да и се дадат поголеми овластувања во утврдувањето на фактичката состојба, па ако сакате и таа да биде еден вид надзорен орган во работењето на обвинителствата во поглед на случаите и во поглед на проблематиката која што ја третира оваа Комисија. Инаку, да не доаѓаме во ситуација Комисијата да открива, Комисијата да утврдува фактичка состојба, меѓутоа завршница нема. Верувам на она што е напишано во извештајот дека таквата фактичка состојба навистина во тој дел е таква.

Во спротивно ќе дојдеме во ситуација да ја претвориме Комисијата само во биро за преставки и поплаки која само ќе ги прима, ќе ги разгледува и ќе ги препраќа до надлежните органи и прашање е дали тие надлежни органи толку се обврзани и дали ќе сакаат и дали постапуваат по налозите и по укажувањата на оваа Комисија.

Би сакал посебно да се осврнам на делот од извештајот кој се однесува на корупцијата во делот на политиката односно во делот на евидентирањето на материјалната состојба на функционерите и да потенцирам една апсурдност на состојбата во тој дел, односно делот од пријавувањето и контролата на имотната состојба пред стапување на функцијата и по завршувањето на функцијата беше најавувано и беше со цел да се види дали носителите на јавните функции, политичарите и други, дали во текот на вршењето на функцијата направиле одредени коруптивни дејствија гледано преку

неоправданото зголемување на нивната имотна состојба. Меѓутоа, како што и самата Комисија наведува ефектот во овој дел е многу лош односно се се завршува, затоа што и самото непријавување е прекршок, не е кривично дело дека се се завршува со многу благи казни од страна на судските органи што на извесен начин ги стимулира носителите на јавни функции да ја прикриваат имотната состојба во некои случаи веројатно и стекната на незаконски начин. Сега доаѓаме до едне апсурд да против корупцијата од која ни зависи членството на тогашните институции да се бориме со прекршочни пријави и со казни кои што воопшто не влијаат на дестимулирањето за извршувањето на вакви противправни дејства. Ова го има добро констатирано и опишано самата Комисија во извештајот.

Во делот на соработката со Управата за јавни приходи Комисијата оценува на почетокот на извештојот дека таа соработка е добра и успешна, но мене сето тоа ми е под голем знак прашалник. Ако тргнеме од тоа дека до Управата за приходи се поднесени 6 барања за проверка, кои се во тек на обработка, извештајот е пишуван во јануари 2005 година, а тие се веројатно во текот на 2004 година, не знам колку време треба тие да се обработат и не знам и до ден денес дали се сеуште обработени.

Второ, колку таа сорработка може да биде успешна со Управата за јавни приходи за која бевме сведоци сега и по медиумите дека токму во таа Управа за приходи има поединци, значи токму таму се изворите на корупцијата односно поединци од Управата за приходи исто така учествувале во такви дејствија и учествувале во таа т.н. пирамида.

Значи, многу работи треба да се променат за да може и преку органите кои се надлежни да соработуваат со Комисијата, а и преку пошироки овластувања на Комисијата да може да зборуваме за некакви поголеми успеси во борбата против корупцијата.

Значи, исто така важно за успехот на работењето на оваа Комисија, што и при нејзиното формирање ако не се лажам ние зборувавме како опозиција и рековме дека и во начинот на изборот на членовите на Комисијата би требало да се води сметка кои членови во Комисијата, иако не би сакал сомнеж да се фрла врз сегашните членови на Комисијата, но гледано од некои аспекти значи корупцијата како појава воглавно е специфична и се наоѓа во редовите на актуелната власт. Не мислам сега на оваа, или на било која друга затоа што корупцијата не можете да ја барате во опозицијата, туку таа воглавно се бара во актуелната власт и заради тоа ако таа власт ги избира членовите на Комисијата нормално апсурдно е да се очекува дека некакви успеси во таа насока може да има, туку тука би требало малку на поинаков начин тоа да биде односно да бидат бирани членови кои можеби повеќе ќе бидат од опозицијата и мислам дека тогаш би имале многу поголеми успеси. Значи, зборувам за било кое време, не само за конкретната ситуација.

Инаку, ако така не постапиме, ако на Комисијата не и дадеме некои поголеми задолженија со кои таа ќе може да влијае на окончување на постапката, каде што ќе може да се наметне и врз обвинителствата во делот на нејзината проблематика тогаш само ќе прогагираме во Законот еден орган кој треба да изигрива како некое плашило во некој бостан, но само за кратко време кога ќе се види ефектите какви се гавраните повторно ќе слетуваат во бостанот и нема да има никаков проблем да си ја извршуваат својата замисла онаква каква што ја имаат.

Ќе се согласам со моите претходни говорници како што истакнаа извештајот е навистина солидно и добро обработен, сеопфатен е , дава приказ во сите области какви се работите, меѓутоа за жал од него можеме да заклучиме дека навистина очекувањата беа многу поголеми во ефектите што требаше да се постигнат на ова поле од сите мерки, па и од работењето на Комисијата за спречување на корупцијата, а мислам дека оценката е од причините кои се наведени во извештајот, резултатите не се такви какви што требаше и какви што ги очекувавме. Можеби затоа е и добро како што предложи и колегата Караџоски, тоа е и нашиот начин како можеме да помогнеме не само преку заклучок дека Собранието го усвојува извештајот, туку да донесеме одредени заклучоци со кои што ќе можеме и ние како законодавен дом да влијаеме и да придонесеме во преземањето на мерки и активности кои што ќе создадат услови за една поуспешна борба против корупцијата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мешков.

Имаше пријавувања, одјавувања од дискусија, но јас не се одјавувам и имам збор.

Значи, има збор Слободан Најдовски. Почитувани колеги пратеници, почитуван претседател на Комисијата за спречување на корупцијата во Република Македонија, дами и господа.

Сакам да го изнесам своето мислење по однос на предлогот на извештајот кој што ни е доставен од Комисијата за спречување на корупцијата, а на оваа седница предложен од Комисијата за финансирање и буџет.

Сите сме сведоци дека корупцијата заедно со невработеноста и со сиромаштијата се најголемите проблеми со кои се соочува нашата држава. Како што кажа и мојот претходник, господинот Мешков можеме да зборуваме за овој и за оној период, но една е карактеристиката дека партиите кои што се во опозицијата кажуваат дека оние кои се на власт се корумпирани и тоа така ни се провлекува еве веќе 15-тина години во Република Македонија. Но, мора едно да се признае. Оваа власт направи еден голем чекор со формирањето на

Комисијата за спречување на корупцијата и денес слободно можеме да кажеме дека еден орган формиран од актуелната власт, од актуелната владеачка гарнитура зборува за можни случаи на корумприаност на одделни функциониери, на одделни носители на јавни функции, а тоа морате да признаете дека до 2002 година во Република Македонија не беше можно и не можеше да се замисли.

Но, од друга страна денес сме сведоци дека за спречување на корупцијата и за корумпираност се говори меѓу политичарите, се говори меѓу судиите, обвинителите и во голема мера и во медиумите. Од една страна тоа е добро, но сметам дека треба да се залагаме да се воспостави еден систем со законски решенија со кој што наместо зборување ќе придонесеме многу повеќе за спречување на корупцијата и корумпираноста на носителите на јавни функции и на други учесници во јавниот живот во Република Македонија. Тоа е едниот пристап за кој што можеме да зборруваме.

Вториот пристап е што покрај системскиот начин за борбата против корупцијата треба да создадеме и верба дека навистина се бориме против корупцијата. Во текот на вчерашниот ден, денешните дискусии, она што имавме можност да видиме од расправата на комисиите таму каде што учествувавме и во јавноста постојано сите зборуваат против корупцијата. Овде мислам пред се на носителите на јавни функции, на учесниците во јавниот живот, да не свати како еден читател од медиумите кој ми се обрати после моето обраќање на антикорупциската комисија во Охрид дека сум мислел на граѓаните. Најмалку мислам на граѓаните и граѓаните се во право што бараат остра борба против корупцијата. Но, од друга страна не треба да испеднеме, по онаа народната " во петок не се мрси", а ние да мрсиме. Затоа треба дами и господа да го направиме првиот чекор токму ние овде во законодавниот дом пратениците, а потоа да побараме од сите останати носители на јавни функции да отвбориме борба против корупцијата.

Тој прв чекор кој што би требало да го направиме пред се ние како пратеници е конечно да се појави пред јавноста со нашите анкетни листови кои што ги потпишавме при стапувањето на нашата функција. Еден голем број на пратеници тоа го направија, а еден дел на пратеници тоа не го направија, па да имаат кредибилитет да зборуваат денес.

Второ, покрај она што треба да се изнесат анкетните листови прво ние пратениците, па после да побараме од останатите носители на јавни функции треба да кажеме кој колку во својот работен век заработувал, на кој начин заработувал и како го стекнал тој имот. Тогаш ќе имаме многу пореална слика кој колку бил, е или не е корумпиран. Еве јас како пратеник и потпретседател на Собранието на Република Македонија го објавив својот анкетен лист и сега сум спремен тоа да го направам и да кажам за својот работен стаж од 20 години колку сум заработувал и како сум го стекнал својот имот.

Дами и господа од опозицијата конечно ве повикувам, после три години, посебно лидерите на опозиционите партии почнувајќи од господинот Груевски, Георгиевски, Андов да ги објавите своите анкетни листови и да кажете како во текот на својот работен век со својата заработувачка сте го стекнале својот имот. Тогаш ќе можеме да побараме од сите останати за кои што зборуваме дека се корумпирани на овој или оној начин истото тоа да го направат, но прво со сопствен пример тоа да го направиме.

Свесен сум дека ова мое кажување некој ќе го протолкува како демагошки, како нешто одминато време, но од друга страна мора преку нашиот кредибилитет да покажуваме дека навистина се бориме против корупцијата.

Неколку реченици би сакал да кажам околу извештајот на саматаКкомисија за спречување на корупцијата во Република Македонија. Извештајот во комисиската расправа на Комисијата за финансирање и буџет, а и денес и во вчерашните дискусии гледам дека добива поддршка од сите пратеници. Таквата оценка доаѓа и од страна на пратениците од опозицијата нормално со одредени забелешки. Ова го потврдува фактот дека ние пратениците кои што гласавме за избор на оваа Кмисија за спречување на корупцијата сме биле во право кога сме ги предложиле и сме ги избрале овие членови. Само потсетете се, дел од опозицијата, зборувам за дел од опозицијата, затоа што кога се избираше оваа Комисија дел од опозицијата не беше присутен во салата. Дел од опозицијата тогаш ја напаѓаше дека се партиски личности, дека се под партиска контрола, под државна контрола, а со вашите дискусии досега покажавте дека навистина сме избрале луѓе кои што барем во овој период досега се борат против корупцијата. Во оваа прилика не би сакал да зборувам многу за позитивната улога на корупциската комисија, но сметам дека неколку работи треба да се направат за подобрување на работата.

Прво е, дека антикорупциската корупција во своето работење треба во максимална можна мера, тоа го реков и на Комисијата за финансирање и буџет, да се обиде да спречи би рекол елиминација, политичка елиминација, ликвидација на личности во период кога воопшто не е докажано дека одредена личност била корумпирана. Сведоци сме во јавноста уште непокрената иницијатива од страна на антикорупциксата комисија за одредени случаи, одредени личности веќе се елиминирани. Што велат џабе е после тоа да се докажува дека тие личности биле невини, дека тие личности не биле корумпирани, и кога во јавноста пред тоа ќе излезе на големо дека се учесници во одреден корупциски процес.

Второ, мора да се побара она што и одредени колеги пратеници го дискутираа овде да се

скрати времето за, би рекол, обработка, или начинот на разгледување на одреден предмет за одредени личности кои што се посочени за корумпирани, со тоа што ќе има ефект од работата на Антикорупциската комисија наместо оддолговлекување во одреден случај. И затоа мора да помагаат сите органи од кои што Антикорупциската комисија во одреден период ќе побара одредени податоци.

Трето, сметам дека произлегува од досегашната работа, во Законот треба да предвидиме и една измена, покрај носителите на јавни функции кои што сега се со закон и одредени личности предвидени за поднесување на анкетен лист и согледување на имотната состојба да се согледува имотната состојба и да поднесуваат анкетни листови сите членови на комисии за јавни набавки за одредени субјекти. Дами и господа, вие знаете, најголемата корумпираност од 90-тите години наваму е при јавните набавки. А членовите на комисии ќе се вика по одредени личности на носители на јавни функции, а членовите на комисии кои што одредиле за одредена јавна набавка да останат ниту чепнати, ниту забележани во јавноста.

На крајот би завршил со следново. Ние од пратеничката група на Либерално-демократската партија сакаме да го направиме од оваа расправа и првиот заклучок или конкретен чекор кој што би имал некој резултат. Денес поднесовме една декларација за подршка на борбата против корупцијата во Република Македонија и сакаме да ве повикаме и останатите пратеници да се придружите, таа е поднесена во архива, да ни се придружите и овој Парламент на наредната седница, не на оваа на 13-ти, туку деловнички на онаа која што ќе биде закажана таа декларација да ја усвоиме овде на Парламент. Сакам да ви изнесам само неколку акценти од таа декларација.

Прво, таа декларација како што кажав и во својата дискусија, ги повикуваме пратениците во Собранието на Република Македонија да се согласат на јавно објавување на анкетните листови за имотната состојба поднесени при отпочнување на мандатот, односно истите да бидат достапни до медиумите во Република Македонија.

Второ, пратениците на Собранието на Република Македонија јавно да изнесат како го стекнале својот имот, односно потеклото на својот имот.

И уште еден од акцентите, да ги повикаме и сите јавни личности други и носители на функции во Република Македонија да го следат примерот на пратениците. Само на таков начин сметам дека можеме да направиме еден конкретен чекор прв, за да кажеме, затоа што кога ќе споменете општо политичар и првата помисла на секој човек што ќе му дојде на ум е корумпирана личност. Време е дами и господа да кажеме во оваа држава и да се дистанцираме. Точно е, има корупција во Република Македонија, точно е дека има корумпирани личности, точно е во овие 15 години имало носители на јавни функции кои што биле корумпирани. Но, не е точно дека се сите исти. И затоа да го направиме тој прв чекор меѓу нас да се дистанцираме, а после тоа да го побараме од сите други.

Три минути реплика пратеникот Љупчо Мешков.

**Љупчо Мешков:** Благодарам господине потпретседателе.

Сакав да ви реплицирам во делот на критиките кон опозицијата, односно предлозоте на опозицијата за членување во Комисијата во која кажавте дека сме критикувале за партиски личности, а дека сега сме потврдиле дека тоа не е така. И вие и јас знаеме дека е така, дека во Комисијата можеби не се сите партиски, дел од нив се. А друго прашање е што тие во текот на работата чесно си ја работат работата и можеби се и деполитизирани во време на извршување на функцијата, но и вие и јас знаеме дека тоа не е така, како што вие велите.

Второ, спомнавте дека некои лидери од опозицијата, во делот на пријавување на приходите, сега не знам кој збор го рековте точно, дека не поднеле имотни листи и ги спомнавте имињата, незнам зошто го спомнавте претседателот на Либералната партија. Затоа што јас знам дека меѓу првите кога настапи таа законска обврска, меѓу првите ја даде својата имотна состојба. Јас колку што знам таа не е којзнае како, меѓутоа, тоа не е битно, битно е дека тој си ја исполнил законската обврска. А ако сакате дека треба некој да каже и од каде му е таа куќа, или што има, тоа е веќе друга работа. Треба да имаме и таква регулатива, затоа што кога се пријавуваше имотот беше потребно само да се пријави тој имот пред стапувањето на функцијата. Значи, треба по инаку тогаш и нормативно да постапиме. Затоа мислам дека не беше коректно спомнувањето на неговото име, затоа што тој меѓу првите ја исполни својата законска обврска.

**Слободан Најдовски:** Со оглед на тоа што имаше забелешка да не се реплицира од место, туку јас ќе реплицирам на говорница.

Господине Мешков, ја прифаќам вашата реплика, но изгледа не сте ме разбрале или не сте ме слушнале доволно. Јас воопшто никого немав намера да навредам, туку едноставно реков дека ги повикувам да ги објават во јавност за да јавноста ги сознае нивните имотни листи. И, ги посочив, Ако добро ме следевте, јас реков дека точно е дека законската обврска си ја исполниле, ги поднеле анкетните листови. Но, за да имаме морален кредибилитет пред граѓаните на Република Македонија повикав јавно да ги објавиме, па тогаш ќе можеме да кажеме кој колку е корумпиран, или не е. Вопшто не сакам на ниеден од личностите на опозицијата кои што ги споменав јас да прејудицирам нешто, туку да ја кажам мојата цел, тоа беше во дискусијата, тоа можете да го видите и од стенограмот. Тие пред јавноста да ги изнесат своите анкетни листови кои што ги пополнија. И тогаш ќе можеме да

зборуваме за морален кредибилитет на секого и ако вие добро следевте, јас ги повикав и сите носители на јавни функции и тоа го има во декларацијата. Така што не се согласувам со она што сакавте да ми го импутирате.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе, од годишниот извештај на државната комисија за спречување на корупцијата очигледно е дека помеѓу најкруцијалните органи надлежни за откривање, гонење и пресудувања на корупциските предмети во Република Македонија не постои непосредна соработка повеќе од две години при што посебно е апострофирана несоработката помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство и Врховниот суд за што говори изнесениот податок дека овие органи не успеале да реализираат меѓусебни средби што директно рефлектира на состојбата со криминалитетот во Република Македонија. Јавниот обвинител кој според своите уставни и законски надлежности треба да биде столб, координатор помеѓу сите надлежни органи во државата за нивно заедничко дејствување во борбата против корупцијата и криминалот, се јавува не само во овој извештај, туку и во извештајот на Народниот правобранител како кочничар на овие процеси со своето деструктивно однесување кое се манифестира преку медиумските надмудрувања со дел од државните органи, а особено со Државната комисија за спречување на корупцијата, понатаму не постапување по пријавите што навистина е недопустливо. Собранието на Република Македонија кое што ги именува членовите на Државната комисија како и носителите на јавно обвинителската функција веднаш треба да преземе ефикасни мерки за разрешување на тие состојби со комуникацијата на овие органи, ако навистина имаме сите ние политичка волја, вистински да се бориме против криминалот и корупцијата а не само декларативно тоа да го изјавуваме. Од податоците изнесени во табеларните прикази на извештајот, а посебно од бројот на изнесените иницијативи од страна на државната комисија до Јавниот обвинител за поведување постапка се крајно алармантни и сами по себе ја потврдуваат неефикасноста на овие два органи и тоа на Државната комисија која освен иницијативи треба да поднесува и кривични пријави до Јавниот обвинител, а истиот треба брзо, ефикасно да постапува по пријавите од Комисијата, со цел да имаме ефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата. Во самиот извештај значајно место е констатацијата на Државната комисија за непочитување на Законот за спречување на корупцијата и Законот за јавни набавки од страна на министерствата и јавните претпријатија со недоставување на договорите за склучените набавки, тендери, дозволи и концесии со што директно се оневозможува Државната комисија за спречување на корупцијата во нејзиното превентивно и репресивно делување согласно позитивните прописи. Евидентна потврда за неефикасното спречување на корупцијата е и податокот дека Државата комисија во текот на 2003 и 2004 година од вкупнот поднесени 109 прекршочни пријави против носителите на јавни функции од страна на надлежните судови решена е само една со пресуда, а останатите сеуште се во постапка. Исто така, тоа е уште еден показател за неефикасноста на судовите што наведува на заклучокот дека се придонесува кон свесно застарување на предметите, бидејќи кај прекшоците релативната застареност е една година, а апсолутната 2 години. Имавме можност денес да прочитаме во пишаните медиуми како работи повторно обвинителството и како ги застарува постапките за да објави понатаму дека основното јавно обвинителство ја отфрлило пријавата на Министерството за финансии, односно на Бирото за стокови резерви поради застареност за кривично гонење.

**Љупчо Јордановски:** Првата дигресија ви трае пет минути. Во пет минути вие до 90% зборувате за Јавното обвинителство. Ве молам, вратете се на темата по извештајот.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе, тоа е спомнато во извештајот на Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Љупчо Јордановски:** Секако знаете дека во оваа држава има поделба на власта и дека тоа се три независни власти: Законодавната, Извршната и Судската власт.

**Силвана Бонева:** Токму така. Бидејќи Државната комисија за спречување на корупцијата не може да биде изолирана и нејзиното функционирање зависи од функционирањето на Јавното обвинителство и тоа е многу јасно кажано и неминовно е тоа да се спомне.

**Љупчо Јордановски:** Јас со господинот Караџоски ја имав истата полемика, затоа ве молам поднесете барање да се расправа извештајот за Јавниот обвинител, евентуално заз неговото работење и неработење. Тогаш ќе можете да ги кажете овие аргументи врз основа на информацијата на Комисијата за борба против корупцијата. Сега, ве молам, задржете се на темата.

**Силвана Бонева:** Пред малку кажав дека Собранието на Република Македонија бидејќи ги именува членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата е должно да ги гледа и забелешките на работењето не само на Државната комисија туку и на Јавното обвинителство. Денес како што можевме да дознаеме од медиумите Државната комисија за спречување на корупцијата до Собранието на Република Македонија доставило информација за застареност на кривично гонење, нешто што требало да го направи јавното обвинителство, а не го сторило.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, дали сте вие сигурни дека Јавното обвинителство не ги

гледало тие и дошло до заклучок дека нема основа.

**Силвана Бонева:** Тоа е тврдење на Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Љупчо Јордановски:** А тоа е тврдење на една институција. Таа институција не е апсолутна. Затоа ве молам задржете се на темата.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе зборуваме за Државната комисија за спречување на корупција, а ние не сме инспектори да откриваме дали нешто е така, или не. Сега зборуваме за извештајот и констатациите на Државната комисија за спречување на корупција.

**Љупчо Јордановски:** Но вие зборувате 90% за Јавниот обвинител и при тоа како апсолутна вистина прифаќате дека јавниот обвинител е крив и дека тој не постапил по заклучоците на Комисијата за борба против корупција. Дали сте во тоа вие убедени и дали имате аргументи? Само затоа што нешто не е поведено. Можеби немало основа. Ве молам, тоа се независни институции, судска, ивршна и законодавна. Ве молам зборувајте за извештајот.

**Силвана Бонева:** Да. Зборувам токму за тоа. А дали има основ, или нема основ понатаму има други органи кои што ќе го кажат тоа, меѓутоа истите констатации ги имавме и од Народниот правобранител. Понатаму, значи евидентна потврда за неефикасното спречување на корупцијата е тоа што 109 прекршочни пријави има Државната комисија за спречување на корупцијата поднесени во текот на 2003 и 2004 година, а од нив само по една пријава е решено со пресуда. Треба да се напомне двегодишното доцнење исто така во обработката на анкетните листови од страна на Управата за јавни приходи. Така што сегашните активности на управата во овој сегмент се комплетно депласирани, оправдувањето за кадровска и техничка неопременост се недоволно алиби за нивната незаинтерсираност и неефикасност и покрај законски утврденатa надлежност која ги именува како битен и активен субјект во спречувањето на корупцијата.

Во делот на извештајот кој ја третира областа на претставки за работа на државните органи централно место е изнесениот став дека Министерството за финансии го суспендира законот за денационализација во најголем дел затоа што во изминатите две години процесот на денационализацијата е блокиран со што комисиите за денационализација се потенцијални жаришта на корупција и генерално се успорува процесот на сопственичката трансформација, односно дефинирање на приватната сопственост во Република Македонија. Државната комисија за спречување на корупцијата во извештајниот период презела бројни активности од делокругот на своите надлежности при што особено транспарентно се обработени предметите кои се однесуваат на носителите на јавни функции од претходната Влада, додека истиот степен на транспарентност не е постигнат за претставниците на актуелната власт за ниту еден случај кој што е со големи штетни материјални последици по државниот имот на Републиката како што се поделбата на ЦЕМТ дозволите на транспортните организации, изградбата на меморијалниот центар АСНОМ во Пелинце, гасоводот, продажбата на градежно земјиште во државна сопственост, злоупотребите во Министерството за одбрана, во врска со емисијата "Чуму", Фондот за здравство и 26-те милиони евра за кои не се знае каде и како се потрошени, распределбата на земјоделското земјиште од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и ред други примери на корупција кои што не се елаборирани подробно во извештајот.

ВМРО-ДПМНЕ начелно се согласува со изнесените генерални согледувања, со оценките и заклучоците во Годишниот извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата, што само ги потврдува повеќе пати изнесените забелешки од наша страна до актуелната власт, за немањето искрена политичка волја за спречувањето на корупцијата и дека од нивна страна истата се користи исклучиво во дневно-политички цели што не придонесува кон зајакнување на ефикасен систем на правната држава.

Во контекст на сето тоа што го кажав, ВМРО-ДПМНЕ ги поддржува напорите на Државната комисија за спречување на корупцијата за целосна имплементација на заложбите за спречување на корупцијата и изразува надеж во зајакнувањето на одговорното и отчетно поднесување на носителите на јавните функции преку ефикасни постапки на Владата, Собранието, Јавното обвинителство и целокупното судство, покрај основаниот сомнеж во капацитетот на Владата за реализација на мерките за спречување на корупцијата, што е еден од најбитните сегменти во процесот на евроинтеграцијата.

Исто така, како пратеничка група сметаме дека повикот од неколку наши пратеници и пратеници од другите парламентарни групи за тоа дека е потребно после расправата да се даде една кратка пауза да се дефинираат заклучоци, се со една единствена цел, не само да го усвоиме Извештајот на Државната комисија за спречување на корупцијата, туку преку заклучоците да се обидеме што може повеќе да и помогнема на Државната комисија за реализирање на основната цел, а тоа е поуспешната борба со корупцијата во Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Караџоски, процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, од името на пратеничката група на ВМРО Народна партија барам еден час пауза, а за тоа време да ни бидат поделени стенографските белешки од дискусијата на господинот Слободан Најдовски, а

и да изградиме став како ќе продолжиме понатаму со расправа по оваа точка, вклучително и по целата седница и од начинот на кој вие ја водите седницата.

**Љупчо Јордановски:** Што има проблем со начинот мој на водење на седницата?

**Жарко Караџоски:** Ќе ви кажам.

**Љупчо Јордановски:** Добро.

Бидејки е воспоставена пракса, иако не е Деловнички, јас објавувам пауза.

Господине Томиќ имате реплика?

**Зоран Томиќ:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Добро, прво да ја завршиме репликата.

Повелете господине Томиќ имате три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** Благодарам почитуван претседателе.

Во контекст на сето тоа што колешката Бонева го истакна и нејзината заложба и заложбата на партијата ВМРО-ДПМНЕ, на која и припаѓа, борбата против корупцијата, јас ја поздравувам ваквата иницијатива и предлагам да даде конкретен придонес лично таа.

Имено, со иницијативата на Државната комисија за спречување на корупцијата од 31.03. беше покрената иницијатива за откривање или оформен предмет по Извештајот на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиски извештај 2001-2002 година, на Национална платежна картичка АД Скопје.

На 17.06.2004 година, до Основно јавно обвинителство Скопје доставен е посебен Извештај од кој произлегуваат повеќе нејаснотии при склучувањето на Договорот и двата анекси кон Договорот за испорака на хардверд, софстфер, апликациони пакети и така натака, а посебно при основањето на самата Национална картичка. Притоа, притоа повторувам потребно е да се доразјасни случајот и за таа цел од страна на надлежните органи, беа повикани господинот Ванчо Крабов, тогашен државен секретар во Министерството за финансии како и Никола Груевски тогашен минситер за финансии да дадат одредени појаснувања. Тоа до ден денес не се случи. Дали адресите на двајцата господа не се познати. Бидејки колешката се повикува на тоа дека ВМРО-ДПМНЕ се залага за борба против корупцијата, ја повикувам јавно на својот претседател да му каже и да појде и кај надлежните органи, да даде соодветна изјава и да го расчистиме овој случај. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Од каде сте вие сигурен, почитуван колега, дека претседателот на ВМРО-ДПМНЕ не дал изјава во прилог на расчистување на сето она што го кажавте.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Сега е 12,50 часот.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 чсот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со расправата.

Повелете господине Шајновски, имате збор.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе.

Го разгледав Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2004 година и сакам истиот да го анализирам во еден сегмент.

Во текстот и табелите дадени во Извештајот се гледа дека најголем број претставки има за работата на државните органи и тоа 190 претставки, потоа следува судството со 182 претставки, а на трето место се јавните претпријатија, здравството и образованието со 96 претставки. Во тој контекст на страна 20 од Извештајот, во врска со ова се вели: "Секако Државната комисија во својата работа е зависна и од брзината, односно ажурноста, од добивањето на одговорите од органите до кои се обраќа, а без кои не е можно решавање на претставката. Во текот на изминатиот период, повеќе пати Комисијата укажувала на незадоволнителиот степен на соработка од страна на органите на државната управа за што ја известило и Владата на Република Македонија".

Оттаму, сметам дека како заклучок од овој Извештај може да се извлече и тоа дека оваа власт на СДСМ и ДУИ е силна само на зборови, дека оваа власт само ветува борба против корупцијата и се друго што народот сака да чуе, но за вистинска акција и за исполнување на ветувањата кои сакала таа или не остануваат нејзина обврска, не ја бидува да ги исполни.

Дали не ја бидува или е неспособна или е зафатена само со лични интереси, за народот е сеедно. Тој живее испод човечкото достоинство. Токму овој пасос од Извештајот директно ја потврдува вистината дека во работата на оваа власт, митото, корупцијата и криминалот се главно погонско гориво дека власта нема намера лесно да се откажи од тоа.

Понатаму, на страна 22 пишува: "И понатаму носителите на функции и на извршната власт, делумно ги исполнуваат обврските кои произлегуваат од Законот за спречување на корупцијата. Неопходно е да се преземат активности за зајакнување на исполнувањето на законските обврски за известување на Комисијата по разни основи од страна на поединци, носители на функции и државни институции".

Но, овде јас би додал дека и одделни членови од самата Комисија за спречување на корупцијата, иста работа, ист проблем го мерат со два аршина, зависно од времето во кое настанале и тоа во смисла какви биле нејзините односи со власта во тоа време.

Ваков начин на работа ја разнишува довербата кај народот во целата Комисија. Пример се случувањата во ЕМО каде, само врз основа на сонневање државата во управна постапка, му ги одзеде акциите на црногорската фирма "Арарат", не реагираше или реагираше со половина уста. Истиот член од Комисијата, за случајот "Саса", но во друго време се појавил во весниците и со цела уста искажа став дека не е можно и дека е криминално дејание на власта да му се одземат некому акциите само врз основа на сомнение што не е потврдена во редовна судска постапка.

Затоа, во оваа прилика ја повикувам Комисијата за спречување на корупцијата и јавниот обвинител да го испитаат случајот ЕМО со одземањето на акциите од црногорската фирма "Арарат" и да ја проверат работата на Комисијата за хартии од вредност и нејзината претседателка по однос на случувањата во ЕМО.

Извештајот, во целина е добар, но ефектите од работата на оваа Комисија ги нема, пред се заради однесувањето на самата Комисија со текот на времето. На почетокот таа беше орудие во рацете на власта и затоа беше сфатена несериозно од неа. А, како поминуваше времето, таа се осамостојуваше, се осознаваше или само им се судрија интересите, нејзините со државните, па денеска, барем така изгледа е вистински одвоена од власта, што овозможува реална борба против корупцијата воопшто, а посебно во корупцијата во самата власт.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Топузова, повелете имате збор.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата, почитувани колеги пратеници,

Не можеме да избегаме од констатацијата дека во Република Македонија сеуште имаме корупција и дека навистина е еден од предусловвите што нашата земја треба да ги исполни на својот пат кон евроатланските интеграции е и борбата и справувањето со корупцијата.

Дека оваа Влада има не само декларативни намери, туку дека и многу сериозно го сваќа овој проблем говори фактот што токму за време на оваа влада е формирана оваа комисија за спречување на корупцијата, а и како што нам, на сите ни е познато Собранието на Република Македонија , во месец јуни 2004 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, со чии пак измени Државната комисија  и понатаму, е самостојна и независна во вршењето на своите законски надлежности, што според мене е неопоходно за нејзината успешна работа.

Една од суштествените измени, пак на овој закон е тоа што комисијата се стекна со статус на правно лице, што секако позитивно ќе се одрази во работата, не само од формално правна туку и од функционална смисла.

Исто така, добро е што мандатот на членовите на Државната комисија,ќе биде не како што беше до сега 4 години, туку ќе биде нештто повеќе, ќе биде  5 години. Со тоа сметам дека ќе бидат посамостојни, ослободени од влијанието на политичките партии.

Што се однесува до Извештајот, може да се заклучи дека во текот на извештајната година, Комисиајта одржала  вкупно 56 седници, на кои седници, покрај другите материјали, што е од особено значење за Собранието, се разгледувале материјали доставени токму од ова Собранието и Владата на Република Македонија , како и од други органи и тела, кои ги третирале проблемите од надлежноста на Комисијата.

Во таа насока во текот на извештајната година проучени се и дадени мислења по вкупно 11 закони, јас ќе спомнам само некои: Законот за државна ревизија,  Законот за спречување на корупцијата, Законот за јавно обвинителство, Закон за авторски права и други, да не ги споменувам сите.

Почитувани пратеници,

Една од обврските на Комисијата е, исто така  да подготви Програма за репресија и превенција за корупцијата. Оваа Комисија тоа го направи, токму со таа да се разгледа оваа програма, за што е одржана конференција во Охрид од која излегоа одредени забелешки. Се надевам дека тие забелешки понатаму Комисијата ќе ги има во предвид и ќе ги почитува нивните преопораки.

Една од препораките  е дека во текот на 2004/2005 година посебно внимание треба да се посвети на реформата во судството, со шо апсолутно се согласувам и јас и мојата пратеничка група, затоа што знаеме дека реформите во судството се неопходни и нема борба против корупцијата без значајни суштински реформи во судството.

Што се однесува до соработката, кога веќе сум кај судството, што се однесува до соработката со правосудните органи, Државната комисија повеќе пати покажуваше, а и преку медиумите беше изнесувано, односот на Државната комисија со Јавното обвинителство кон помголемиот број на иницијативи за поведување на постапка за кривично, односно казнено гонење, доставени од Државната комисија, по кои едноставно, Јавното обвинителство не постапуваше.

Ако кон ова се додаде и непостоењето на соработка меѓу овие две институции, што како што реков е многу важна и суштинска и неопходна за спречување и борба со корупцијата, ситуацијата навистина станува загрижувачка и остава сомнеж дека несоработкаста помеѓу Јавното обвинителство и Комисијата би можело да има поголеми последици.

Мене, меѓутоа, посебно ме загрижува фактот, што иако со Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија има надлежност

да врши увид во сите договори јавни набавки и други зделки поврзани со остварување на профит, склучени, односно извршени во периодот од една година, до сега, за жал, до неа не е доставено ниту едно известување за јавните набавки од некој државен орган штго склучил договор или презел обврски или остварил права во материјална смисла.

Сметам дека државните органи оваа одредба треба да ја свата многу сериозно и да го почитуваат како законот, така и самиот орган, односно Комисијата за спречување на корупцијата.

Што се однесува пак до работата и одлучувањето на надлежните судови по претставките доставени од Комисијата, исто така гледаме дека Комисијата искажува одредено незадоволство од казнената политика на некои судови кои, при решавањето на поднесените пријави не постапувале соодветно на она што било побарано од Државната комисија или од делото што е доставено, донесувајќи при тоа пресудни прекршочни опомени што немаат третман на санкција.

Се согласуваме дека со ваквата казнена политика не само што се девалвира улогата на оваа Комисија, туку не се почитуваат и одредбите на Законот за спречувае на корупцијата.

За независноста при делувањето на оваа Комисија говорев и на почетоток, а како потврда ќе го истакнам фактот што по сопствена иницијатива оформила 23 предмети за актуелни настани и појави што, во споредба со претходната година, како што видовме од Извештајот од минатата година, биле само 15 предмети. Ова ни говори за еден поголем ангажман на Државната комисија.

Со оглед на тоа дека од колегите пратеници беше есплоатиран поголем дел од извештајот и одредени случаи, јас би сакала да се задржам само на еден случај што во досегашните дискусии беше малку спомнуван. Тука имаше некоја реплика во таа насока, но колегите не го спомнаа, иако многу пати беше обртнато внимание исклуиво на Јавното обвинителство.

Имено, тоа е случајот со Националната платежна картичка, за што до Јавниот обвинител на Република Македонија е поднесена иницијатива за кривично гонење на одговорни лица. Постапувајќи во рамките на своите надлежности Државната комисија утврди дека во постапката за основање на "Национална платежна картичка" АД Скопје,што е основана како што знаеме во времето на тековната Влада, што помпезно беше најавувана од сегашиот лиде на ВМРО-ДПМНЕ господинот Никола Груевски, тогашен министер за финансии, има голем број  на неправилности како во нејзиното основање, така и во нејзиното работење во текот на 2001 и 2002 год. Тука веќе постојат основани сомневања за сторени кривични дела злоупотреба на службена положба.

Во однос на сопственичката трансформација на НПК АД Скопје, Комисијата констатира дека таа е спроведена во спротивност со чл.21-а од Законот за платен промет, каде е предвидено дека ова акционерско друштво се основа од Владата на Република Македонија , со можност да се продаде на банките кои добиле дозвола за вршење на платен промет согласно со закон. Со непочитувањето на оваа законска одредба,тигашниот министер за финансии и преку неколку трансакции на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност создадена е ситуација во која сега странско физичко лице е сопственик на акции во НПК АД Скопје. Дури, колку што се сеќавам во тоа време беше направен и ребаланс на Буџетот од страна на господинот Груевски со цел да се овозможи оваа трансакција...

**Љупчо Јордановски:** Гопоѓо Топузова, правата дигресија ви заврши.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам.

Тука завршувам и јас.

Овде би сакала да спомнам уште некои од наодите на Државната комисија, што има констатирано, а исто така до сега не беше спомнато во долгите и повеќечасовни дискусии од страна на моите колеги од опозицијата, односно се работи за незаконски и ненаменски искористени средствата од Заемот добиен во 1999 година од Меѓународната трговска банка на Република Кина - Тајван, во износ од 20 милиони УСА долари, што нанесоа голема штета не само поради неправилното искористување, туку и на Буџетот на Република Македонија, која штета се мери со  18 милиони  долари.

Што се однесува пак до урбанизмот и таканаречената урбанистичка мафија, за жал мора да се констатира дека посебно загрижува појавата да се толерираат,сеуште,  случаите на доградба на објекти над дозволеното според Одобрението за градба на постојните објекти, со што се доведува во опасност не самиот објект, туку и самите жители на објектите.

Јас повеќе не би се задржувала на овие поедини случаеви, но сакам да кажам дека во праксата и понатаму се продолжува со злоупотреба од страна на инвеститори-градители, дека тука треба уште повеќе да биде поактивна Државната комисија.

Сосема на крајот сакам да кажам дека Комисијата констатира дека имаме забаввување и на процесот на денационализација. Со оглед дека голем број на граѓани се обраќаат во мојата канцеларија, барајќи да ги остварат своите права од денационализацијата, сметам дека тука треба да се покаже поголема ефикасност во иднина.

Инаку, самиот извештај е доста солидно подготвен, технички добро опремен и Пратеничката група на Либерално-демократксата партија ќе го поддржи Извештајот со тоа што реков дека претставува и основа за борба против корупцијата и нејзино спречување. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Претпоставувам како последен приавен сака нешто да каже или да искоментира одредени констатации искажани од нас пратениците, претседателот на Комисијата за борба против корупцијата. Повелете господине Малиновски.

**Драган Малиновски:** Почитуван претседателе на Собранието, почитувани дами и господо пратеници,

Чест ми е и задоволство во име на Државната комисија за спречување на корупцијата и во свое лично име да ви се обратам по повод разгледувањето на Годишниот извештај на работата на Комисијата за 2004 година.

Имено, согласно Законот за спречување на корупцијата, за својата работа дека Државната комисија до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај, а овој Извештај се доставува и до Владата на Република Македонија, Претседателот на Републиката и до медиумите.

Во годишниот извештај за 2004 година, кој е пред вас, содржани се податоци за преземање активности од страна на Комисијата, но исто така, искажани се и оценки за корупцијата во поодделни области.

Сметам дека искажаните оценки реално ја кажуваат состојбата и тие можат да претставуваат солидна основа за дефинирање на коегзистентна политика за спречување на корупцијата.

Се согласувам со процедуралните извесни деловнички дилеми, искажани од страна на претседателот на Собранието, за тоа во која форма и на кој начин да се спроведе расправа за извештајот на Државната комисија, но самата расправа покажа дека по ова прашање неопходно е да се практикува јавна дебата. Впрочем, таквиот мој став произлегува и од изградениот став и принцип на работа на Комисијата за состојбите со корупцијата да се разговара отворено, јавно, соочувајќи се со проблемите.

Во поглед на статусот на Државната комисија, со право во текот на дискусиите беше потенцирано стекнувањето во својство на правно лице во текот на 2004 година, бидејќи на тој начин дополнително се зајакнува нејзината независност како една од најзначајните предуслови за доследно исполнвуање на законските надлежности.

Во рамките на Комисијата би рекол дека е формиран секретаријатот како стручна служба за вршење на стручните административни и технички работи на Комисијата. Секретаријатот сеуште е во фаза на екипирање. Со оглед на тоа дека од предвидените 25 согласно усвоената систематизација, во овој момент истиот брои само шест вработени, кои имаат статус на државни службеници.

Кога говориме за статусната состојба на Комисијата, неминовно се наметнува прашањето за нејзиното просторно сместување. Реално очекувавме дека овој проблем ќе биде решен во 2004 година, но повеќе од очигледно е дека тоа нема да се случи ниту до крајот на 2005 година.

Немањето на адекватен простор, како и проблемите со екипирањето на секретаријатот, претставуваат околности кои директно го загрозуваат функционирањето на Државната комисија и остварувањето на нејзините со закон дефинирани надлежности.

Комисијата нема можности овие проблеми самата да ги разреши, поради што од Собранието и од Владата на Република Македонија очекуваме конкретна поддршка.

Генерално гледано, дејствувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година може да се лоцира во две насоки и тоа: превентивно, со давање на мислење по закони и друг вид на општи акти, сугестии по поодделни прашања и слично и условно речено репресивно дејствување. Велам условно речено, бидејќи тоа е изразено преку поднесување на иницијативи за казнено гонење, разрешување или примена на друг вид мерки.

Државната комисија за спречување на корупцијата, сериозно внимание посветува на работата по предмети кои се доставуваат од страна на граѓани и правни лица, или кои Комисијата ги оформува по сопствена иницијатива по добиени сознанија од медиумите. Бројот од преку 600 предмети, кои се доставени до Комисијата во текот на 2004 година, упатува на заклучокот дека граѓаните имаат доверба во нејзината работа. Комисијата работи на седници и по секој од доставените предмети се води дискусија. Доколку се констатира дека доставениот предмет е од надлежност на Комисијата, се пристапува кон утврдување на фактичката состојба и тоа преку обезбедување на потребни информации од други државни институции, повикување на разговор на поодделни лица кои имаат сознание од начинот на случајот и тн.

Доколку во текот на постапката се утврди дека постои искористување на функцијата, јавното овластување или службената должност, за остварување каква и да било корист за себе или друг, Државната комисија против одговорните лица покренува иницијатива пред надлежните органи за казнено гонење, разрешување, или примена на друг вид мерка. Така во текот на 2004 година Комисијата поднесе 33 иницијативи против лица кои ја злоупотребиле својата позиција.

Од страна на еден од пратенците беше поставено прашање како сме се однесувале, односно дали имаме иницијатива за случајот ОКТА и другите случаи кои ја бранувале јавноста. Само ќе кажам дека за првиот случај имаме поднесено иницијатива, а и за сите оние случаи до кои Комисијата доаѓа до сознание за извесни злоупотреби, во форма како што кажав и предмет по сопствена иницијатива.

Исто така се однесува и на прашањето за локалната самоуправа, бидејќи беше поставено прашањето што правиме сега со локалната самоуправа, во фазата на децентрализација. Во тој дел би кажал дека Комисијата неодамна усвои Анекс кон државната програма за превенција и репресија на корупцијата, со укажување да бидат преземени мерки и активности, со цел превентивно да се влијае во процесот на децентрализација и истото да не ни се случи во тој процес зголемен обем на корупција.

Кога говориме за активностите на Комисијата, мора да се истакне дека истите главно се насочени кон реализирањето на државната програма за превенција и репресија на корупцијата во која на подолг период предвидени се мерки и активности, со чија доследна импл;ементација се очекуваат позитивни ефекти во борбата против корупцијата.

Едно од најзначајните поглавја во програмата, претставува областа од правосудството, каде се сугерираат такви уставни и законски промени, кои имаат димензија на темелна реформа на правосудниот систем. Кога ја носевме програмата, тоа беше 2003 година, значи повеќе од две години во програмата инсистиравме реформата на правосудството да биде сфатена и да се отпочне пред се со уставните измени, бидејќи проценивме дека постојната уставна рамка е претесна да може со законски интервенции да се создаде еден коегзистентен правосуден систем. Тогаш бевме оценети како преамбициозни, како бараме некој ред, радикални промени, меѓутоа како времето одминува, се покажа навистина, Уставот мора во тој дел да претрпи измена, и добро е Собранието во тој дел е во подмината фаза, мислам на уставните измени во правосудството.

Сосема природно е што состојбата во правосудството го има централното место како во државната програма за превенција и репресија на корупцијата, така и во активностите на Комисијата воопшто. Со оглед за обезбедување на ефикасна судска заштита и владеење на правото претставува и најефикасно средство во борбата со корупцијата.

Имплементацијата на оваа програма претставува врвен приоритет на Државната комисија за спречување на корупцијата. Токму затоа, Комисијата еднаш годишно одржува работен состанок со групата која учествуваше во нејзината изработка, на која се врши евалуација на нејзината практична имплементација.

Последната евалуација одржана во јуни 2005 година, на која беше присутен и потпретседателот на Собранието, господинот Најдовски, покажа задоволителен степен на имплементираност на програмата. Тука пред се, се мисли на изградба на легислативна и институционална рамка, но исто така дека резултатите во борбата со корупцијата сеуште се незадоволителни. Сеуште постои впечаток на недоволно експлицитно имплементирање на декларативно изразената политичка волја и дека е потребно сеопходна реакција во насока на зајакнување на ефикасноста во борбата против корупцијата.

И покрај широкиот спектар на надлежности кои што Комисијата ги има при спроведувањето на Законот за спречување на корупцијата, нереално е да се очекува дека таа ќе може самата да одговори на поставената цел, а тоа е ефикасно справување со корупцијата.

Токму затоа, ние инсистираме на соработка со останатите институции кои имаат допирни точки со нашата работа.

Во текот на дискусијата, оправдано беше укажано на апсурдноста дека не постои соодветна соработка на Јавниот обвинител на Република Македонија и Државната комисија за спречување на корупцијата. Велам од Јавниот обвинител на Македонија, бидејќи со основните јавни обвинителства и Одделението за борба против организираниот криминал и корупцијата во рамките на Јавното обвинителство, имаме релативно коректна соработка. Меѓутоа, тоа ниво на комуникација во никој случај не може да го компензира отсуството на организирана заедничка стратегија на двете најповикани институции во борбата со корупцијата.

Се разбира дека таквата стратегија би била дефинирана во рамките на законските надлежности, како на Комисијата, така и на Јавното обвинтиелство, на што ние цело време инсистираме.

Во некои од дискусиите Комисијата беше прозвана да биде кооперативна и да се седне на заедничка маса со Јавниот обвинител овој проблем да биде надминат, поради што, чувствувам за потребно да укажам на неколку факти.

Имено, веднаш по именувањето на Јавниот обвинител на Македонија, по иницијатива на Комисијата беше остварена средба на која беше искажана обострана подготвеност за соработка. Извесен период подоцна повторно на иницијатива на Комисијата беше побарана работна средба со Јавниот обвинител и тоа за конкретни состојби за кои сметавме за потребно да разговараме, која средба беше договорена на неколку часа пред нејзиното одржување и истата беше откажана од страна на Јавниот обвинител. Повторно од наша страна официјално беа барани можности за состанок, но без никаков одговор од другата страна, за конечно Јавниот обвинител јавно да соопшти дека нема намера и потреба од таков вид комуникација со Државната комисија.

Значи, од изнесеното може да се констатира дека во изминатиот период свесна за својата одговорност во борба со корупцијата, Државната комисија направи се што беше во нејзина моќ, да се седне на заедничка маса и проблемот да се надмине, поради што не е коректно при препишување на било каква вина на страна на Комисијата за отсуството од таква соработка. Напоменувам дека Државната комисија и во ово

момент и во иднина е подготвена безусловно да седне и проблемот да се разреши.

Од страна на еден од дискутантите беше поставена дилемата, односно повеќе како предлог да се создаде овој проблем на несоработка да се надмине со извесни законски интервенции, односно законски да се воспостави обврска за соработка. Во тој дел би ви укажал дека навистина нема потреба од дополнителни законски интервенции, бидејќи и во членот 21 од Законот за јавно обвинителство и во членот 55 од Законот за спречување на корупцијата, јасно и децидно стои обврската на соработка помеѓу овие две институции.

Во извештајот стои констатацијата дека не е остварена средба со Врховниот суд на Македонија. Меѓутоа, сметам за потребно да уакжам дека соработката со Врховниот суд воопшто не е спорна. Значи Државната комисија во разни прилики остварува средба со претставниците на Врховниот суд и релациите со оваа институција ги сметаме за сосема коректни. Овде во извештјот е наведено како факт дека официјална средба не постои, меѓутоа, ние имаме и работна комуникација и по разни поводи соработка, така да правењето на една паралела на релацијата на Комисијата која ја има со Јавниот обвинител, со она со Врховниот суд мислам дека воопшто е несоодветна и не одговара на фактичката состојба.

Кога говориме за соработката со останатите институции ред е да кажам дека неминовно мора да имаме поинтензивна соработка од страна на Комисијата и со Собранието на Република Македонија. Тоа го говорам од две причини.

Прво, законската поставеност, односно статусната состојба на Комисијата, која е формирана од страна на Собранието, а и идниот состав сигурно ќе биде именуван, како и отчетната позиција на Комисијата кон Собранието, како преку годишниот извештај, така и во одредени други ситуации, значи нужно упатува на поинтензивна соработка.

Впрочем, мислам дека Собранието искуствата и работата на Комисијата би можел да ги користи многу почесто и во поглед на исполнувањето на своите законски надлежности. Ние таква комуникација обраќање од Комисијата до Собранието сме имале и порано и практикуваме и во иднина. Само би потсетил на последното наше обраќање до ова Собрание, каде што имаме доставено инфомација за нашето видување, за начинот на кој беа спроведени локалните избори оваа година. Значи има одредени оценки, пред се во делот на она што значи корупција во политиката и можни злоупотреби на изборниот процес, што секако е наша надлежност согласно Законот за спречување на корупцијата и таа информација ви е доставена и ви стои на располагање.

Исто така и од Собранието до Комисијата неодамна добивме од една собраниска комисија да постапуваме по еден предмет и мислам дека тоа е добар почеток за градење на една практика како во иднина треба да комуницираме.

Транспарентниот приод во работењето на Државната комисија овозможува интензивна соработка и со невладиниот сектор и медиумите преку разните форми на соработка, како што се учество на јавни трибини, тематски работилници, прес конференции, соопштенија и сл., Комисијата ја презентира својата активност и нејзина интензивна комуникација со јавноста влијае на подигањето на јавната свест и корупцијата.

Конечно, Државната комисија проценува дека перцепцијата и јавната реакција во поглед на корупцијата е подигната на потребното ниво.

Таквата позитивна тенденција ќе мора да најде своја артикулација низ сите сегменти на општественото живеење, при што борбата со корупцијата нема да се сведе само како обврска на Комисијата.

Државната комисија за спречување на корупцијата во себе ја препозанва улогата на катализатор во борба против корупцијата и место каде во содејство со останатите државни институции, невладиниот сектор, стручната јавност, медиумите и други и во иднина ќе се креира системот за спречување на корупцијата во Република Македонија.

Ви благодарам за јавувањето.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, да пристапиме кон гласање на Предлог-заклучоци содржани во извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Можеме да пристапиме кон гласање по заклучоците.

Значи, Предлогот на заклучоците содржан во извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласме.

Гласале 62 пратеника, 59 гласале за, тројца се воздржале, нема против.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

**Минуваме на точката 33 - Извештај за превземените мерки и активности на Владата на Република Македонија за санирање на состојбите и ублажување на последиците од елементарните непогоди што ја зафатија земјата во јуни, јули и август 2004 година.**

Извештајот и извештаите на раотните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине заменик министре за финансии, бидејќи вие сте еден од изготвувачите на овој извештај, имате збор.

**Максуд Али:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Како што е познато во месец јуни 2004 година Република Македонија беше соочена со изразито голема елементарна непогода, која за кратко време нанесе огромни штети во земјоделието, водостопанските објекти, градежните и станбените објекти и кај опремата.

Со оглед дека елементарната непогода беше од големи размери и самите општини не беа во можност да се справат со последиците, во санирањето на состојбите се вклучи и Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија веднаш презеде бројни мерки и активности најпрвин од интервентен и ургентен карактер, а потоа и за трајно санирање на последиците. За таа цел беа издвоени 50 милиони денари, а беа задолжени и надлежните министерства дел од средствата од своите годишни програми да пренасочат за санирање на последиците во настраданите подрачја.

За координација на сите активности беше формирано оперативно тело преку соодветните стручни служби и во соработка со градоначалниците и стручните служби на општините обезбеди целосно следење на состојбите и ургентни интервенции, во функција на нормализирање на животот.

Во услови на ограничени материјални можности, а со цел да се обезбедат дополнителни средства, Владата го предложи, а Собранието го донесе Законот за обезбедување на средства за помош на општините зафатени со поплавите. Впрочем обврската за овој извештај произлегува од наведениот Закон. Врз основа на Законот вкупно се собрани 280.584.000 денари. Со овие претходно наведени средства е интервенирано на два фронта.

Прво, врз заедничка оценка за приоритетност со општините се продолжи со финансирање на зафати во инфраструктурни објекти од локален и регионален карактер.

Второ, општините зафатени со поплавите се помогнати со 25% од објективизираната вредност на пријавените штети.

За инфраструктурни намени се насочени 55.000.000 денари од кои најпрвин е интервенирано со доделува на неповратна помош за итни потреби, а потоа и со помали зафати во водостопански објекти, локални и регионални патишта, здравствена и ветеринарна заштита и сл.

Поголем дел од средствата наменски е насочен за помош на општините со крајна цел помош на физичките и правните субјекти кои претрпеле штета за која целокупно се распределени 281.620.000 денари. Овие средства се распределени врз основа на збирниот извештај од Републичката комисија која во согласност со

Законот за заштита од елементарните непогоди и за утврдената методологија е подготвен врз основа на добиените извештаи од општинските комисии.

За ваша информација еве неколку глобални податоци за штетите содржани во збирните извештаи. Вкупно пријавената штета до општинските комисии изнесуваше 1.815.000.000 денари од кои Комисијата објективизираше 936.000.000 денари. Релативно големата разлика помеѓу пријавената и објективизираната штета произлегува од следното. Пријавена е крупна инфраструктура за која се грижи државата. Дел од штетите Комисијата не може да ги објективизира заради методолошки слабости во одделни општински извештаи. Недефинираност на дел од штетите, примена на просечни цени на земјоделски култури за што, согласно Законот и методологијата, надлежна е Републичката комисија и сл.

Според дејноста на објективизираните вредности најмногу штета имаше во земјоделството, а гледано според сопственоста на индивидуалниот сектор се однесуваа 52% од пријавените штети, односно 73% од објективизираните штети. Додека на деловните субјекти се однесуваат 32% од пријавените и 22% од објективизираните штети. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Драган Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Сосема накратко сакам и јас да го искажам моето мислење по овој извештај.

Изненадувачки обилните дождови кои се случија во јуни 2004 година и кои во некои општини само за 24 часа изнесуваа повеќе од 150 литри по м,2, предизвикаа масовни поплави во овие региони. Основна причина заради која поплавите предизвикаа огромни штети беше и негрижата за речните корита и одводните и доводни канали со години наназад. Имено, повеќе од 20 години, без разлика кој ја водеше државата не се правело скоро ништо во правец на одржување на регулација на речните корита и одводните и доводни канали посебно во некои региони.

Од тие причини неодржуваните и насипани речни корита не беа во состојба да ги прифатат огромните количества на води кои надојдоа , а на сето тоа дополнителен товар во тој период беа и преполнетите брани од претходните врнежи кои се случуваа во тој период. Во таква состојба на речните корита и браните водената стихија предизвика огромни штети во стопанските капацитети и поплавените домови, патната инфраструктура, водоводната, електричната и телефонската мрежа, водостопанските објекти, потоа значително беа оштетени повеќе мостови, регионални патишта и улици, пробиени насипи на брани,но сепак најголеми штети беа штети

нанесени врз земјоделските производители затоа што беа поплавени над десетици илјади хектари земјоделски површини засеани со разни земјоделски култури. Имајќи предвид дека овие непогоди предизвикаа огромни штети во повеќе региони, во повеќе области, нашата Влада се вклучи преку конкретни мерки и активности да ги санира овие состојби и да ги намали последиците од нив.

Овде сакам да напоменам дека иако според Законот за заштита од елементарни непогоди, според членот 62 став 2, не беше исполнет условот односно износите на штетите не беа поголеми од 10% од националниот доход остварен на подрачјето на соодветните општини односно иако државата немаше законска одбврска овој закон да учествува во давањето помош на општините за отстранување или намалување на последиците настанити од нив, сепак Владата најодговорно и транспарентно целосно се вклучи во санирање на состојбите и отстранување на настанатите штети.

Овде треба да се напомене дека уште наредните денови на самите места беа посетени поплавените региони од страна на тогашниот претседател на Владата, повеќе министри, пратеници итн.

Во насока на актуелизирањето на и така алармантната состојба, значително придонесе информацијата за поплавите која беше поднесена од повеќе пратеници од сите пратенички групи по која информација Собранието на Република Македонија донесе конкретни заклучоци кои Владата и надлежните органи и институции требаше да ги спроведат во рамките на своите надлежности.

Владата најпрвин со наменски издвоени средства од буџетот и со средствата што беа на располагање на фондот за солидарност итно интервенираше во поплавените подрачја со мерки и активности кои заедно со општинските органи беа оценети како приоритетни.

Исто така заради намалување на последиците од поплавите, Владата со посебен заклучок ги задолжи редорните министерства дел од своите средства предвидени за реализација на одделни програми во 2004 година ги пренамени и ги употреби за нормализирање на состојбите и санирање и намалување на последиците од нив.

Во оваа насока значителен беше придонесот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Бирото за развој на стопански недоволно развиени подрачја.

Заради тоа што проценката наштетите предизвикани од поплавите беше повисока од обезбедениот износ и ги надмина можностите за обезбедување на истите во рамките на утврдените средства со буџетот на Република Македонија , а заради отстранување на настанатите штети на предлог на Владата, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за обезбедување на средства за давање на помош на општините.

Само по тој основ беа собрани средства во износ од 280.000.000 денари. Владата во соработка и координација со градоначалниците и стручните служби на соодветните општини постојано интервенираше по однапред договорени приоритети со конкретни мерки и активности при тоа водејќи грижа за сите области кои беа зафатени во поплавите преку поголеми и помали зафати од инфраструктурен и друг карактер. Поголемиот дел од обезбедените средства по основ на Законот Владата насочи како финансиска помош на општините, но со намена за ублажување на последиците од штетите предизвикани врз физичките и правни лица.

Во согласност со Законот за заштита од елементарни непогоди и Одлуката за донесување на единствена методологија за проценка на штетите од елементарни и други непогоди беа формирани и општински комисии за проценка на штетите кои комисии требаше да го подготват главниот извештај искажан на соодветни обрасци кои понатаму требаше да биде усвоен од страна на советите на засегнатите општини и да се достави до Републичката комисија за проценка и утврдување на штети од поплавите.

Републичката комисија понатаму оценуваше дали извештајот е уреден и вршеше објективизација на пријавените штети. Овде е потребно да се напомене дека во целата постапка имаше одредени пропусти по сите нивоа.

На пример имаше индивидуални земјоделски производители кои од разни причини не ги пријавија своите штети на време до општинските комисии, меѓутоа, имаше и земјоделски производители кои уредно и на време ги пријавија сопствените штети и не по своја вина, а заради пропусти од страна на општинските комисии или пропусти од страна на подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не се најдоа на списоците по кои се вршеше исплата на оштетените физички и правни лица.

По мое мислење имаше пропусти од страна на самиот министер во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, тогашниот министер Славко Петров, тогаш кога при првата исплата од 7% која беше распределена на Министерството, покрај на физичките лица кои беа на списокот, финансиски средства беа исплатени само на две правни лица во сите зафатени подрачја, а при тоа не се одговори на пратеничкото прашање по кој критериум беа поделени финансиски средства само на тие две правни лица. Сигурно имало и други пропусти од страна на Влада и од страна на Републичката комисија, меѓутоа, сепак, констатацијата според мене е дека Владата направи многу за граѓаните што беа засегнати од овие поплави и дека е реално тогаш кога се

работи за илјадници оштетени земјоделски производители и други физички и правни лица да има и одредени пропусти и грешки.

Во иднина, за да ја намалиме веројатноста за повторување на вакви несакани елементарни непогоди потребно е да ги отстрани главните причини за нивното настанување. Во оваа насока најважна, според мене, ќе биде соработка помеѓу централната и локалната власт и соодветните министерства во функција на изготвување и изработка на детална анализа за реалните состојби на теренот посебно во однос на состојбата со речните корита и одводните и доводните канали.

Понатаму, Владата на Република Македонија ќе треба преку посебен план да си постави приоритети и да се отпочне со прочистување и регулација на најзагрозените речни корита. Само на тој начин со помалку пари и со помали инвестиции ќе ги отстраниме главните причини за поплавите и ќе можеме послободно да планираме потребни средства во Буџетот за оваа намена, па во исто време ќе ги подобриме и условите за наводнување на земјоделските површини и ќе ја намалиме веројатноста за ризик од поплави.

Ако редовно се вршат сите овие активности во критичните региони, многу помалку финансиски средства за подолг период ќе ни бидат потребни на сите нас.

Сакам да истакнам еден пример со струмичкиот регион. Од вкупно прибраните 280.000.000 денари по основ на Законот за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите во соодветните општини беа поделени 271.000.000 денари дури над 96% од нив беа поделени во Секторот за земјоделство. Ако се земе во предвид дека од вкупно собераните 271.000.000 денари дури над 40% беа поделени во струмичкиот регион односно тие 160.000.000 денари поделени по тој основ претставуваа скоро половината од сите зафатени подрачја. Ако на тоа се додаде дека после овие поплави на одредени места имаме откинати делови од речното корито на реката Струмица и дека реката и одводните и доводните канали се непрочистени и неодржувани повеќе години, сега и помали врнежи не толку обилни предизвикуваат поплави на плодните земјоделски површини во овој регион.

Затоа, во струмичкиот регион едноставно беше неопходно потребно да се обезбедат финансиски средства и да се започне и заврши со регулација на речното корито со што би ги отстраниле правните причини кои придонесоа во овој регион од јунските поплави 2004 година само 25% од штетите да изнесуваат повеќе од 116.000.000 денари.

Со ребалансот на буџетот за 2005 година се обезбедени финансиски средства од над 40.000.000 денари за регулација на речното корито на реката Струмица и во тек е распишан тендер по што ќе бидат избрани изведувачите за конкретните работи.

На крајот сакам да го истакнам моето задоволство за тоа што Владата преку вакви конкретни активности што ги презема на пример во нашиот регион посветува посебно внимание на превентивна заштита од поплавите во критичните региони, а тоа со сигурност ќе не чини помалку средства и ќе биде поефикасна и посигурна борба против овие елементарни непогоди. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ѓорѓиев.

Има збор пратеникот петар Апостолов.

**Петар Апостолов:** Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Според мене, се работи за доста реален извештај, бидејќи јас бев очевидец на општите поплави кога градот Гевгелија и неговата околина беше зафатено со невремето и навистина личеше на едно големо езеро со помали или поголеми острови.

Елементарната непогода беше навистина со големи размери и затоа, како што стои и во самиот извештај, Владата веднаш се вклучи со итни и интервентни мерки и мерки од траен карактер.

Исто така и ние како пратеници и од опозицијата и од позицијата дадовме свој придонес во ублажување на последиците од поплавите со информацијата за поплавите што ја поднесовме во овој Парламент, а донесените заклучоци Владата ги зеде во предвид во реализацијата на идните активности.

За нормализирање на состојбата, ублажување и санирање на последиците од поплавите освен Владата се вклучија и надлежните државни органи и институции, некои самостојно, а некои во соработка со органите и стручните служби на општината.

Оваа елементарна несреќа се случи во петокот навечер и веднаш во саботата реагираа сите општински штабови во поплавените подрачја. Во исто време Владата формираше оперативно тело со кое раководеше министерот Владо Поповски кој истиот ден односно саботата беше веќе на терен со својата екипа.

Во целата оваа несреќа позитивен впечаток мене лично ми остави брзата реакција од сите од кого беше побарана помош, а помошта беше барана и некаде после полноќ околу 0,2, 0,3 часот, без разлика од каков вид помош дали во вид на механизација, цистерни со вода за пиење или разна друга хуманитарна помош.

Значи, сите чинители сериозно го сватија прболемот, секој помагаше колку што можеше, а во првите денови се работеше скоро по 24 часа.

Владата на почетокот интервенираше со наменски издвоени средства од Буџетот и со средства од Фондот за солидарснот. Освен со парични средства во функција на нормализирање

на состојбата и животот во настраданите подрачја се интервенираше со механизација, сточна храна, гориво, расад за земјоделски култури итн.

Беа преземени и превентивни мерки во однос на одржување на исправноста на водата за пиење, пред се со хиперхлорирање , а по потреба и снабдување со цистерни за вода во оние населени места каде имаше опасаност од хибрична инфекција, затоа, барем колку имам информации во ниедна општина која беше зафатена со поплавите немаше фибрична инфекција, а тоа е резултат токму на преземените превентивни мерки.

Исто така, се обезбеди и сместување на загрозените семејства кои немаа услови за живеење во своите куќи, а на оние семејства на кои им беа срушени куќите им беше дадена социјална и хуманитарна помош.

Исто така, се обезбедени дополнителни средства со законот што го донесовме во самиот Парламент. За зафатите од инфраструктурен и друг карактер кои се реализирани преку оперативното тело, не би сакал да ги набројувам, бидејќи во информацијата се наброени, но сметам дека се не е опфатено. Како на пример, мостот на Мрзенска река кој беше целосно вон употреба и тој беше направен за рекордно време, а тој мост поврзува три села од општина Гевгелија односно Негорци, Кованици и Серменин, а исто така ја поврзува и Негорска Бања и Душевната болница.

Не би сакал да зборувам за методологијата на работата на општинските комисии за проценка на штетите, но сакам да напомнам дека најмногу разлика помеѓу пријавената и објективизираната штета има во општина Гевгелија, а тоа е заради тоа што во општина Гевгелилја покрај штетите на земјоделските посеви, имаше штета и на градежни и на станбени објекти и на опрема. Со улога на Владата секоја општина погодена од невремето доби помош од 25% од објективизираната штета, а остатокот од средствата се префрлени на сметката на фондот за солидарност, за да би се искористиле за зафати од инфраструктурен карактер.

Секогаш се поставува прашањето дали сите општини и сите граѓани кои беа оштетени се задоволни од овие средства. Сигурно не. Но, сметам дека ова беше максимално што можеше во тој момент да се даде. Сигурно имаше и индивидуални слабости во самата проценка на штетите, но секогаш кога се во прашање некои парични надоместоци има и незадоволни, но тој број треба да биде што помал.

Во иднина подобро е да немаме и да не разгледуваме вакви извештаи односно да ни се случуваат што помалку вакви несреќи, туку да имаме извештаи за нешто превентивно направено, за да би се спречиле или намалиле последиците од елементарните непогоди кои во иднина сигурно ќе ги има. За таа цел, само за потсетување и со ребалансот се доделени одредени средства односно префрлени за превентивни зафати во Струмичкиот регион.

Се смета дека односот на потрошени средства за превенција е три пати помал, отколку за санирање на последиците од елементарните непогоди.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостолов.

Има збор пратеникот Паунков Владо.

Повелете господине Паунков.

**Владо Паунков:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Владата.

Поднесениот извештај за преземените активности од Владата на Република Македонија за санирање на последиците на состојбите и ублажување на последиците од елементарните непогоди што ја зафатија земјата во јуни, јули и август 2004 година, претставува концизен извештај кој, пред се, има за цел, а тоа успева и да го постигне прецизно да ги презентира собраните и распределените финансиски средства, со кои Владата се справи со последиците од елементарните непогоди што ги зафати деловите од нашата Република во изминатата година.

Доаѓајќи како пратеник од погодените подрачја, морам да истакнам дека Владата премногу концизно, кратко, па ако сакате и скромно, задржувајќи се главно на финансискиот аспект пристапила правејќи го овој извештај. Затоа, сакам да истакнам некои битни елементи, кои во овој извештај не се истакнати, а за кои не се потребни никакви бројки во оваа прилика за да ги потенцирам.

За прв пат граѓаните од погодените подрачја ја осетија грижата на државата, а истовремено високиот степен на организираност и ефикасност во справувањето со останатите штети предизвикани од елементарната непогода. Брзината на дејствување на оперативното тело формирано од Владата на Република Македонија, а предводена од искусниот пожртвуван министер Владо Поповски, помогнат од неговиот тим, пред се, од високо стручниот и искусен тогашен министер за животна средина Љубомир Јанев, тогашниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Славко Петров, кој ги мобилизира сите јавни водостопански претпријатија, а пред се армијата на Република Македонија кај граѓаните од подрачјата зафатени од елементарна непогода, се обезбеди чувство на висок степен на грижа на државата кон сопствените граѓани. Затоа, настанатите штети и трауми кај граѓаните навистина беа со висок процент ублажени, бидејќи покрај финансиското ублажување, постоеше и ова најбитното, чувството, за сигурност и грижа на државата кон нив. Оперативното тело како претставник на централната власт успеа да воспостави висок степен на соработка со локалната власт.

Благодарение на таа соработка се успеа брзо елиминирање на проблемите предизвикани од поплавите и тоа по приоритети. Доколку локалната власт беше на повисок степен на организираност, дотолку ефектите при отстранување на последиците од поплавите од страна на оперативното тело беа поконкретни и побрзи. Факт е дека многу граѓани а пред се земјоделците не веруваа дека државата ќе им помогне на граѓаните. Од тие причини еден мал процент од нив не ги пријави своите штети на општинските комисии за процена на штетите. Исто така, имаше пропусти и кај формираните општински комисии за процена на штетите, што може да се види и од поднесениот извештај. Меѓутоа, субјективните пропусти не беа од таков висок процент што ќе влијае на целокупниот генерален впечаток во поглед на ублажување на штетите настанати од поплавите.

Во оваа елементарна непогода дојде до израз и фактот што најисплатливо е финансирање во превентивата. Затоа, само така може да се избегнат големи материјални штети. Инвестирањето во хидротехничките објекти се гаранција за заштита на населението од неизвесност и последици по сопствениот имот стекнуван со години.

Во општина Богданци вложувањето во хидротехничките објекти на повеќе генерации, пред се, регулацијата на коритото Луда Мара, акумулацијата Паљорци, многу мали акумулации, регулацијата на Буити, придонесе да ја спаси општината од многу поголеми катастрофални последици. Сите спомнати објекти обезбедија намалување на поплавниот бран со ретардација на истиот во акумулацијата Паљурци и големиот број на мали акумулации и транспортирање на огромните количини на вода по најбрз пат по коритото на реката Луда Мара. Се разбира, димензирањето на тие објекти и на повеќе илјадна годишна вода, која научно е поставена и која може да е и поголема.

Со таквиот приод на решавање на проблемите се придонесе градот Богданци да ја избегне катастрофата, која во спротивно можеше да го погоди со 50% рушење на постојните куќи и стопански објекти.

Почитувани колеги пратеници, информацијата на Владата ќе ја поддржам. На тој начин ќе ја изразам благодарноста на оштетените граѓани од поплавените подрачја за суштинската грижа на Владата кон нив.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Паунков.

Има збор пратеникот Паљошкоски Ѓорѓе.

Повелете господине Паљошкоски.

**Ѓорѓе Паљошкоски:** Почитуван потпртседател, почитувани колеги,

Мојата општа оценка за овој извештај, кој е даден како информација од Владината екипа, пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ не го прифаќа. Сметаме дека Владата направила голема грешка во однос на преземените мерки и активности за состојбите од последиците од елементарните непогоди. Бидејќи, во самиот извештај како што е наведено никаде не можеме да забележиме кои се конкретни мерки преземени во одредените региони како Струмичкиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион за спречување на овие појави. Сакам да кажам дека поплавите кои што настанаа во поедини општини во регионите во период од 4 до 8 јуни 2004 година и кои направија големи штети, нас ни се повторија при крајот на септември и почетокот на октомври во 2004 година. Меѓутоа, во истите подрачја односно можам слободно да кажам во Струмичкиот регион во општина Ново Село, во населено место, село Зубово се повторија и во март 2005 година. Тоа покажува дека на оваа елементарна непогода Владата не пристапи сериозно и не преземе план за активности во втората половина на 2004 година со поединечни агромелиоративни мерки, со кои овој проблем мби се решил во таквите подрачја односно нема да се повторуваат. Како што напоменав тој се повтори неколку пати и направи големи штети во земјоделските површини, а што беше евидентно од самите извештаи направени од стручните лица по одредени општини.

Затоа, ваквиот доставен извештај не укажува на адекватно преземените мерки и активности за санирање на проблемот, бидејќи проблемот сеуште постои и при обични врнежи со умерен интензитет, со воден талог од 50мм во таквите подрачја повторно ќе се појават поплави. Тоа е факт кој укажува дека проблемот постои, односно проблемот не е решен. Бидејќи, од него можеме само да видиме колку пари се собрани од административните бруто дневници и како се поделени по општини. Врз основа на извршените претходни проценки од стручните лица како е тоа направено. Меѓутоа, не гледаме кои се мерки се преземени за санација за делумно решавање на овие проблеми во наведените подрачја, што дава оправдан страв кај населението дека оваа елементарна непогода многу лесно ќе се повтори и во наредните периоди. Забележливо е дека од административното бруто дневници кои се собрани 280 милиони 574 илјади и 748 денари, која сума распределена по општини покрива проценета штета која е изнесена од стручните комисии. Тоа значи дека од таа сума на пари се покриени само 25% од извршената проценка на штети од стручните комисии.

Затоа, користам прилика да им се заблагодариме на сите административци на Република Македонија кои со нивната административна дневница им помогна на населението, а најмногу на земјоделските производители за делумно санирање на штетите.

Во самиот извештај е забележливо дека постои разлика во соодност 1:2 помеѓу пријавените штети и објективните. Од претходно изнесеното се забележува дека комисиите работеле објективно. Од самиот извештај не забележувам никаде

колку метри одводна каналска мрежа е исчистена во критичните региони, како што се Струмичкиот, Гевгелискиот и Тетовскиот регион, што е сосема логично, бидејќи ако се даде таа сума на пари по општини и се преземат конкретни мерки, не би се страхувало од повторно поплавување на населените места во критичните региони.

Затоа, вашиот извештај ако го сметаме за нецелосен, а што е сосема нормално, бидејќи во таквите подрачја наведени во извештајот до сега и ништо не е направено. Еве, јас конкретно ќе кажам за Струмичкиот регион. Сеуште нема преземено мерки за пречистување на речните корита. Изразуваме негодување и револт кон овој извештај и кон целокупната постапка, бидејќи собраните парични средства Владата не ги подели интервентно, навремено и покрај реакцијата од нашата партија за брзо интервенирање, за да не пропадне целокупната реколта од 2004 година.

Поделбата на средствата беа извршени во почетокот на 2005 година. Тоа се совпадна со објавување на датумот на локалните избори. Токму во тој термин се поделени средствата како да немало никаква врска со локалните избори. За тоа ќе дадам и образложение.

Извештаите од стручните комисии од теренот до Владата на Република Македонија односно до ресорните министерства во целост беа престигнати до 17 јули 2004 година. Стручните лица работата си ја завршија на време, со мали недоследности. А, Владата толку долго, толку долго го пролонгира рокот непотребно, знаејќи дека само со задоцнување од 30 дена сите буџетски корисници, вклучувајќи ги и пензионерите ја добија јунската исплата. Факт кој што укажува на сомневање во врска помеѓу поделба на помошта до граѓаните со објавување на датумот на локалните избори.

Затоа, ќе гласаме против овој извештај, бидејќи не се софпаѓа со реалната состојба на терен. Не се прочистени речните корита во сите критични региони во Република Македонија. Бидејќи, ја покажува слабоста оваа Влада, ги покажува слабостите на сите активности кои што на терен се одразија со повторување на нови поплави. Извештајот и преземените активности сметам дека не се совпаќа со Законот за елементарни непогоди. Јас по овој извештај би имал толку.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Паљошковски.

Три минути реплика за пратеникот Паунков Владо.

Повелете господине Паунков.

**Владо Паунков:** Поради објективно известување на граѓаните, бидејќи оваа седница ја пратат, само да му укажам на колегата Паљошковски. Само делот од Богданци, бидејќи тој потенцираше дека не се исчистени каналите. Река Луда Мара е долга 6,5 километри, регулирано корито со попречен пресек од 10м2, па пресметајте 10м2, по 6,5 километри колку метри кубни е нанос кој беше полн и кој државата веднаш го исчисти, го поправи коритото кое е регулирано а кое беше разорено, целосно е поправено и ставено во функција и тоа експресно брзо. Не сакам да цитирам и други работи што не се цел на овој извештај, туку целта на извештајот е за собраните и потрошени средства, не е целта да ги цитираме сите објекти. Можеме оваа седница да ја продолжиме со денови и да кажеме се што е направено и мостови и канали исчистени, што колегата Паљошкоски рече дека каналите не се исчистени. Само толку.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Паунков.

Една минута контра реплика пратеникот Паљошкоски Ѓорѓе.

Повелете господине Паљошкоски.

**Ѓорѓе Паљошкоски:** Јас само накратко на колегата Паунков ќе муречам само за струмичкиот регион да ми каже колку метра е исчистено од сите реки, посебно од струмичката река. Да каже еден метар е исчистено и дали после поплавите што беа настанати огромни штети дали не се повторија. Во самата моја дискусија јас реков во село Зубово во март се повторија истите поплави. Затоа, велам дека Владата несериозно пријде на овие проблеми.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ѓорѓиев Драган.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Јас ќе повторам дел од мојата дискусија која што ја искажав пред двајцата дискутанти. Во тек е распишан тендер преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство при усвоени средства во ребалансот на Буџетот за 2005 година во висина на финансиски средства од 45 милиони денари, со кои што е предвидено целосна регулација на речното корито по текот на Струмица од граничен премин Ново Село се до Струмица. Тендерот трае 36 дена и во тек е постапката за изнаоѓање на изведувачи на сите активности околу регулацијата на речното корито.

Тоа значи дека Владата за прв пат после 20 години изнаоѓа финансиски средства за распишување на тендер и за регулација на речното корито и на одводни и доводни канали. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Повелете за реплика три минути.

Има збор пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

**Ѓорѓе Паљошковски:** Јас на колегата Драган би се осврнал со следното.

Ние не расправаме за тендери, расправаме по Извештајот и затоа ако се чека уште една година, да имаше уште неколку пати дождови, обилни дождови, да се нанесеа огромни штети тогаш мислам дека понавреме ќе беа распишани тендерите и понавреме ќе се завршеја работите,

а сега и после една година и повеќе од една година никако и никакви мерки не се  преземени во однос на прочистување на сите канали во Струмичко и во цела Република Македонија. Само се нанесуваат штети.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Драган Ѓорѓиев една минута контра реплика.

**Драган Ѓорѓиев:** Јас сметам дека ова Собрание треба објективно да ги информира нашите граѓани. Објективноста е следна.

По овие поплави и овој Извештај имаме активности од страна на Владата за отстранување на главните причини поради кои настанаа поплави со огромни последици на земјоделските површини. Затоа овој распишан тендер со тие финансиски средства има големи причини да се спомне во овој Извештај затоа што тоа претставува отстранување на причините од кои што настануваат полавите.

Заради објективено информирање на јавноста сметам дека и колегите од опозиција и позиција и за одводните и доводните канали и за речното корито да се преземе се за да се отстранат овие причини.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучоците содржан во Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет го ставам на гласање.

Пред да преминеме на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Јас би замолил службите да ги известат членовите на Комисијата за надворешна политика за момент да ја прекинат расправата, за да поминеме на гласање, а потоа веднаш можат да продолжат.

(Со седницата продолжи да председава господинот Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Молам службите да го утврдат точниот број на пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на заклучоците содржани во Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 54 пратеници од кои 46 за предлогот на Комисијата, 1 воздржан и 7 против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Бидејки дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 94-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16,25 часот)